# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Деведесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 јули 1998 година**

**Скрпје, јули 1998 година**

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Деведесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 јули 1998 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, претседател на Собранието на РМ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ја отворам 97-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Никола Г.Поповска, Ратка Куљан Зографска и Душан Данев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот и членовите на Владата на РМ и гувернерот на Народната банка на РМ.

Записниците од 92-та, 93-дтата и 95-тата седница на Собранието ви се доставени.

Дали некој пратеник има забелешки на записниците?(нема)

Констатирам дека записниците од 92-та, 93-тата и 95-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата поднесе предлог на одлука за изменување на одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом Пехчево и предлага тој да биде разгледан на оваа седница.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака?

(57 пратеници гласаа за)

Дали има некој/против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на РМ, согласно член 339 од Деловникот на Собранието на РМ предлага предлогот на законот за ученички и студентски стандард Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (55).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Очигледно дека многумина не гласале.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за образование, наука предлага дневниот ред на денешната седница да се дополни со Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Факултетот за учители и воспитувачи во Битола.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака? (63).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува? (Никој).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на РМ предлага наместо на 98-та седница, на оваа седница да бидат разгледани: Предлогот за донесување на закон за вонпарнична постапка со Предлог на закон, Предлог за донесување на закон за ратификација на ЕУРОКОНТРОЛ, Меѓународна конвенција за соработка во безбедноста во воздушниот сообраќај од 13.02.1960 година, Дополнителен протокол на Меѓународната конвенција на ЕУРОКОНТРОЛ за соработка во воздухопловната безбедност,

ЕУРОКОНТРОЛ, дополнителен протокол со протокол на потпишување на 6 јули 1970 година и протокол кој врши измени, од 21 декември 1978 година, протокол, дополнување на Меѓународната Конфенција на ЕУРОКОНТРОЛ за соработка во безбедноста на воздушната пловидба од 13 декември 1960 година заедно со нејзините прилози и мултилатералната спогодба за надоместоци за прелети, со Предлог на закон, предлогот за донесување на закон за производство и промет на оружје и воена опрема и Предлогот за донесување на закон за ратификација на спогодбата за соработка во областа на науката и технологијата, меѓу Владата на РМ и Владата на Белорусија.

Кој е за предлогот на Владата молам да крене рака? (64).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува? (Никој).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратеникот Мирко Пецов поднесе предлог за донесување на закон за штедно - кредитните задруги и истиот го повлече.

Пратениците Мирко Пецов и Исмет Рамадани поднесоа предлог за донесување на закон за штеднокредитни задсруги со Предлог на закон и предлага тој да биде разгледан на оваа седница во скратени рокови.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (24).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (16).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Владата на РМ поднесе Предлог на програма за изменување и дополнување на Програмата за користење на средства што ги остварува Агенцијата на РМ за трансформација на претпријатијата со општествен капитал за 1998 година и предлага таа да биде разгледана на оваа седница.

Предлогот на програмата ви е поделен.

Кој е за предлогот на Владата? (61).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (1).

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Пратениците Александар Јакимовски и Дане Милошевски поднесоа предлог на одлука за огласување избор на судија на Основен суд во Крива Паланка и предлагаат тој да биде разгледан на оваа седница.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (63).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратениците Ване Наумовски, Петре Трајановски, поднесоа предлог на одлука за огласување и именува заменик на основниот јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Кичево и предлагаат тој да биде разгледан на оваа седница.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (65).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратеникот Благоја Стефановски поднесе предлог за донесување закон за изменување на царинскиот закон со предлог на закон и предлага тој да биде разгледан на оваа седница во скратени рокови.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (18).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (13).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Пратениците Алил Џаферовски и Ферид Мусовски поднесоа предлог на одлука за огласување избор на судија во Основниот суд во Гостивар и предлагаат тој да биде разгледан на денешната седница.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Кој  е за предлогот молам да крене рака? (47).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува?  (Никој).

Не е можно, како тоа нема ниту против, ниту за, ниту воздржани.

Очигледно дека многумина не гласале.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Ве молам или не внимавате или не слушате добро.

Комисијата за сообраќај и врски предлага дневниот ред на денешната седница да се дополни со предлог на одлука за давање на согласност на Статутот на Јавното претпријатие МРТ-Скопје.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (60).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?  (Никој).

Констатирам  дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Пратениците Туше Гошев и Алил Џаферовски поднесоа предлог за донесување на закон за изменување и дополнување нас Законот за стечај, со предлог на закон и предлагаат тој да биде разгледан на оваа седница во скратени рокови.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

Има деловничка интервенција г-дин Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами, господа пратеници, со оглед на тоа што имаме нов закон за стечај, а во завршните и преодни одредби на законот се предвидува, во практичната примена и спроведување на Законот за стечај, соодветни постапки кои се последица од спроведувањето на стечајот и поаѓајќи од членот 347 каде кажува дека започнатите постапки по стариот закон и треба да завршат по стариот закон, а во образложението на подоцнежните одредби каде што определуваат стапувањето на законот во сила,  а тоа е дека законог стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува во рок од 6 месеци. Шесте месеци ќе поминаа и де факто со тој член законот за стечај, присилно порамнување и Законот за финансиско работење каде субјектите за покренување на стечајни постапки де факто немаат правна поткрепа и тие правни прописи се надвор од правниот поредок на РМ.

Не сакам да кажувам ни заради кои причини го донесовме Законот за стечај, а тоа е дека ја забрзуваме стечајната постапка, гаранција на правната сигурност, во врска со заштитата на правата на сопственост, ефикасното завршување на стечајни постапки и враќање на сите стопански ксубјекти во правниот промет во врска со стопанисувањето.

Поаѓајќи од тие причини, согласно член 347, предложивме постапките да започнат и по стариот закон и да стапат во сила по новиот закон за стечаЈ и присилно порамнување.

Со оглед на тоа што сме при крај на мандатот и дека законот ќе предизвика големи реперкусии и еве му оставаме задача на другиот парламентарен состав во земјата, во име на сигурноста во врска со донесувањето на законските проекти изземањето на задачи, тоа му го оставам на новиот парламент и законот го повлекувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро. Пратеникот Славко Котевски поднесе предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за територијалната поделба на РМ и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа со Предлог на закон и предлага тој да биде разгледан на оваа седница.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?  (15).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Пратеничката група на ЛДП поднесе предлог резолуција за зголемување на безбедноста на границите на РМ и предлага тој да биде разгледан на денешната седница.

Предлогот на резолуцијата ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој предлог на пратеничката група на ЛДП.

Има збор г-динот Лазар Китановски, министер за одбрана.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Почитуван г-дин претседателе на Собранието, почитувани пратеници, ќе го отфрлам елементот на политички маркетинг од оваа резолуција ќе зборувам за нејзината суштина, мислам маркетинг во смисла на претстојните избори. Меѓутоа, бидејќи сметам дека се работи за сериозно прашање, ќе зборувам само за содржината на резолуцијата.

Сметам дека Собранието не ќе може да донесе ваква резолуција од следните причини: најнапред постојат сериозни правни пречки и јас сум навистина изненаден што на предлагачот не му е познато дека одбраната на земјата не се утврдува со посебна програма, туку со планови за одбрана кои постојат во РМ, односно во законот за одбрана член 16 е регулирано дека Владата во спроведувањето на одбраната утврдува планови односно предлага, тоа Министерството за одбрана, а ги утврдува претседателот на Републиката. Такви планови постојат. И тоа општ план и посебни планови во случај на кризни ситуации.

Јас ве запознав кога изби кризата на Косово, беше направен посебен план за таа состојба и нашите единици под тој план се наоѓаа на границата спрема СРЈ. Во меѓувреме настанаа нови тешкотии на границата спрема. Албанија. Ги следите нашите извештаи и известувања дека има инциденти. Според тоа, постои план и за зајакнувањето и на тој дел на територијата на РМ да се спречи шверцот на оружје или можеби префрлање на илегални групи. Според тоа, одбраната на земјата не се утврдува со никаква програма, туку според законот се утврдува со план за одбрана или повеќе планови за одбрана кои се однесуваат на одредени сектори кои бранат одредени единици или група на единици на армијата на РМ. Тоа е што се однесува до првата точка.

Втората точка бара подобрување на опременоста и зголемување на организираноста и подготвеноста на единиците на армијата задолжени заобезбедување на границите на РМ.

Одобрување на опременоста е регулирано со финансискиот план на Министерството за одбрана и тоа е сторено, според можностите на Министерството и ние тоа го чиниме без некоја посебна програма односно го чиниме според проценките на Министерството за степенот на загрозеност која ја очекувавме за 1998 година. Затоа благовремено, набавивме, се разбира според нашите финансиски можности 12 транспортери, 18 хаубици, добив како подарок панцири од неколку држави и во меѓувреме од наши средства треба да обезбедиме овие денови панцири во поголема количина и други средства за заштита и средства за борбени дејствија за кои сметам дека засега претставуваат воена тајна.

Точката 2 алинеја 2.

Околу посебен Фонд за обезбедување на средства за лично осигурување на претставниците на единиците на армијата на РМ, сметам дека тоа е добра идеја. Меѓутоа, таа идеја во Министерството односно тој проблем го воочивме во 1997 година и затоа сонашиот финансиски план предвидовме лично осигурување на граничните единици, на специјалните единици и другите припадници на армијата кои се повремено или континуирано наоѓаат на извршување на специјални задачи. Тоа значи на границата, во случајот, спрема СРЈ и спрема Албанија. Средства обезбедивме во рамките на финансискиот план на Буџетот на Армијата односно Министерството за одбрана. Меѓутоа ни се јави една правна празнина во нашиот систем, бидејќи институциите кои се занимаваат со осигурување ги бараат личните имиња на секој поединечен осигуреник, што се коси со нашите правила, дека припадник на единица кој извршува специјални задачи не може да се даде името на лицето кое тие задачи ги врши и тука настана една правна празнина и се обидуваме да ја решиме.

Јас сметам дека идната Влада на СДСМ која ќе ја формираме после изборите ќе успее да го надмине овој правен проблем.

(Реакции во салата).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За тоа потоа, г-дине министер.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Веројатно треба да се изменат некои прописи околу осигурувањето каде за осигурување на припадници на армијата ќе треба да се стави одредена одредба дека се осигуруваат само број на припадници а не и нивните имиња, бидејќи се коси со нашите правила во армијата.

Околу образување на фонд за образование на децата припадници на армијата, тоа цениме дека е за поздравување. Тука постои пречка кшто не е предвидена во законот. Се согласувам, идната влада, која ја спомнав ккако ќе изгледа ќе предложи измени во тој  закон и тоа ќе го подобриме. Но сега ние во рамките на нашите можности, во случај на несреќи на старешина или пак на војник правиме обиди да ги вработиме тие луѓе ако под еднакви услови конкурираат во армијата. Тогаш ние ги вработуваме и им даваме предност. Такви имавме неколку случаи на припадници на семејството кои ги вработивме во Министерството за одбрана и тоа го направивме како желба навистина да се помогне на тие семејства.

Околу 3-тата точка се предлага ребаланс на буџет околу 5%. Според сите постоечки норми за планирање на Буџетот предлагачот не предвидел од каде ќе бидат средствата,  дали предлага печатење на пари односно инфлација,  или префрлање од други буџетски средства. Ако предлагачот укаже од каде да се обезбедат тие средства,  тогаш евентуално би рамислила од каде, односно како да го реши тој проблем, бидејќи не гледам друг начин. Овде не се наведени изворите на средства. Тоа значи предлагачот предлага печатење на пари, тоа реков, значи инфлација.

Инаку, доколку состојбата стане посериозна тогаш се преминува на воен буџет каде точно е регулирано за кои намени се трошат определни средства. Затоа мислам дека резолуцијата тешко може да биде прифатлива за дискусија за усвојување. Едноставно, одбраната на земјата не се утврдува со програма, туку со постоечките закони. Мислам односно сакам да кажам дека самата резолуција тропа на отворена врата. Ова што се предлага во армијата одамна се работи, одамна се направени тие планови, единиците се на својата позиција, транспортерите се исфрлени на границаа за да се обезбеди поголема безбедност на припадниците на армијата, обезбедени се панцирни елеци, нови ќе се обезбедат и други средства кои очекуваме овие денови да ги добиеме. Еве тоа е образложението.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Еден пратеник од името на предлагачите може да образложи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Почитувани колеги пратеници, пратничката група на ЛДП за оваа седница ја предлага следната резолуција.за зголемувљње на безбедноста на границите на РМ.

1. Собранието на РМ бара Владата на РМ итно да изготви посебна програма за зголемување на безбедноста на границите на земјата.

2.  Собранието оценува дека Програмата од точка 1 на оваа Резолуција треба да ги опфака следните елементи:

- подобрување на опременоста и зголемвуање на организираност и подготвеноста на единците на АРМ узадолжени  за обезбедување на границите на РМ, и (овде е теницката грешка пропуштена е дел од реченицата), исто така на припадниците на единиците на МВР задолжени за борба опротив нелегална трговија и нелегално поседување на оружје и муниција;
- основање посебен Фонд за обезбедување средства за лично осигурување на припадниците на  единиците  на Армијата на РМ и МВР во случаи на несреќи;
- основање на посебен Фонд за обезбедување на средства за образование на децата на евентуално настраданите припадници на единциите на АРМ и МВР.

Ова се предлага, бидејќи е влошена безбедносната состојба на Балканот, особено на Косово, чие ескалирање може да предизвика сериозно влошување на безбедноста на РМ со опасни последици.

Бидејќи има зачестени инциденти на границата и зголемување подигнување на степенот на опременоста, организираноста и подготвеност на одбранбено - безбедносниот систем и силите за одбрана и заштита на виталните државни и национални интереси, поради преземање на сите неопходни мерки за зголемување на личната сигурност и безбедност на граѓаните на РМ и за зголемување на личната сигурност на припадни¬ците на силите на одбрана и безбедност на границите, подобрување на материјалното обезбедување на нивните семејства.

Пред мене овде го слушнавте ставот на Владата. Сакам да направам една забаелешка.

Без оглед колку е смешно кога министер за одбрана овде, од говорницата ќе зборува пред изборите три месеци дека Владата на СДСМ која ќе ја формира после изборите ќе преземе тоа и тоа, морам да ви кажам, во вистински демократска земја, министер за одбра на кога тоа ќе го каже, значи најавува дека силите со кои командува ќе бидат употребени на изборите да однесе победа неговата партија. Таквиот минситер, се разбира, не може да не прдлеже на кривична одговорност. Но, да го оставиме сето тоа настрана, не еднаш смешни изјави даваат министрите на оваа Влада, па да го земеме тоа од комичната страна. Затоа да не бараме некоја посебна одговорност за тоа. Инаку, во секоја земја, партијата на која тој припаѓа ќе преземе најостри санкции против таквиот функционер.

Но, да одиме натаму, зошто ова го предлагаме?

Знаеме дека одбраната мора да се изведува по планови за одбрана. И ние не предлагаме овде плановите за одбрана вие да ни ги давате, да ги правите сега итн итн. Ние мислиме дека плановите за одбрана се направени во дадени буџетски рамки. Овде предлгаме од Буџетот да се одвои тоа што го предлагавме, она ако се сеќавате тогаш кога Буџетот се донесуваше, затоа што знаевме дека ќе дојде до влошување и рековме, дајте баремн еден пробалем да решиме. Направе те програма за јакнење на безбедноста на границите, направете програма за безбедноста на. државата, направете програма за јакнење на армијата, посебна програма и да се знае таа година посебно таа и таа работата е завршена. Тогаш не се усвои. Дојде до влошување, како што рече министерот, тоа му е точно, на состојбите на границата со Алба-нија.

Меѓутоа, ние не знаеме и може сосема лесно да се предвиди дека ќе дојде и до натамошно влошување не само на границата со Албанија, туку и на границата со Косово и состојбата на Косово може нагло да се влоши и да имаме уште поголеми последици. Ние проценуваме дека буџетските рамки не се доволни за таа работа. Сакаме да создадеме поволни услови за овој сектор од нашиот живот и безбедноста на граѓаните Овде во точката 3 се предвидува до 5% да се обезбедат средства со ребаланс на Буџетот. Тоа значи предвидуваме некаде околу 60.милиони марки додатно да се обезбедат за овие намени. Мислиме дека тоа може да се направи.

Ако Владата не е способна да предложи ребаланс на Буџетот, предлагаме да направиме работна група, тоа се практикува, од Парламентот овде, што ќе изврши подготовки и ќе направи предлог на ребаланс на Буџетот за овој проблем да се реши.

Зошто мислиме дека е потребно тоа?

Мислиме дека е потребно да се збогати и да се осовремени опремата на единциите кои мора да ја вршат оваазадача. Мислиме дека е потребно, за да се обезбеди редовна исплата на платите и припадниците надоместоците за сите други обврски на единиците особено и на Армијата но и единиците на МВР кој ги вршат, во оваа многу сложена и многу одговорна работа. Да се обезбеди дополнително осигурување од несреќа, лично осигурување од несреќа на сите припадници. Јас морам да ви кажам, тоа не се кажува, никаде не сум го видел, меѓутоа ми е соопштено дека околу 15 денари мбсечно премија се плаќа за припадниците на единцитие на внатрешни работи кои извршуваат сложени задачи и дека, ако се постигне траен инвалидитет тој ќе добие околу 3.000 марки и ќе добие инвалидска пензија од 4 - 5000 денари. Комплетно е

изложен да го упропасти целиот живот и себе и на семејството, а да нема никаква општествена заштита, државна заштита.

Мислиме дека тоа не е оправдание, вакаа или таква промена на Законот, ако треба ќе сме ја прифатиле веднаш да сте ја предложиле и да е нешто такво во прашање. Не е несовладлив ниту проблемот на лично име. Може точно да се договориме каде треба да стојат личните имиња, во која канцеларија и во кои услови да се чуваат во надлежнтие минситерства. Но, факт е дека тоа сега не е решено и мислиме дека тоа мора да се реши.

Исто така, ако дојде до смртен случај, до загинување, семејствата се не згрижени. Сега се развива теоријата дека ќе се грижиме ние да ги вработиме нивните членови на семејства итн. Меѓутоа, ние мораме со закон или друг акт да утврдиме какви ни се обврсктие кон тие семејства, пред се кон децата.

Според тоа, пак овде некој сака да каже и тоа го вика дека ова го предлагаме за маркетинг. Јас морам да ви кажам ако сакаме квалитетна заштита на нашите граници, а засега ја имаме, меѓутоа не знаеме што уште иде, ние мораме и од себе и од својот џеб да жртвуваме за таа цел. Мораме да обезбедиме тие луѓе да се чувствуаат сигурни, да се мотивирани да ја извршуваат својата задача. Спроед тоа, оваа Програма не навлегува во оперативните задачи ниту на Минстиерството за одбарна, ниту на Армијата. Тие се комплетно независни и самите ќе ги тераат таму. Оваа Програма што треба да ја направи Владата, да ги фиксира проширените точки, полиња, обврски на државата кон овие сектори, кон овие лица и институции и да застане со дополнителни пари зад нив. Мислиме дека тоа Валдата може да го направи со програма и мислиме дека тоа Собранието може да го обезбеди со ребаланс набуџетот.

Сега, ако сакате маркетинг ние можеме да кажеме - кога ќе формираме Влада ова ќе го донесеме. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

И за тоа, исто така, потоа, нели.

Кој е за Предлогот на пратеничакта група на ЛДП, молам да крене рака? (21 пратеник).

Дали има некој против? (46 пратеници).

Кој се воздржува од гласање? (6 пратеници).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Пратеникот Томсилав Стојановски поднесе Предлог за донесување на закон за изменвуање на Законот за набавување, поседување и носење на оружје со Предлог на закон и предлага тој да бидеа разгледа на оваа сендица.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

Г-динот Стојановски сака кратко образложение на својот предлог.

**ТОМИШАВ СТОЈАНВОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници, Прво, претседателе да ми дадете објаснување дали идната закажана седница за 23 јули се одлага? Се спојува со оваа или останува?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кажав на почетокот дека се одлага, а сите точки се вклучени во дневен ред на оваа седница.

**ТОМИСЛАВ СТОАЈНВОСКИ:**

Бидејќи оваа сендица ќе биде маратонска, според дневниот ред, мојот предлог се однесува наутврдување на казени одредби во Законот за поседување и носење на офужје што сеупте се во динари. Се врши деноминација, се вршат разни трансакции и насочувања на некои реални вредностти што се смешнив редности. Мојата интервенција е во овој закон предвидува конкретни казнени одредби согласно со денешново време, да речам, и валутата со која што во државава се служиме, во денари. Нема некој посебни интревенции.

Би предложил да биде прифатено но хенидикепот е што тој Закон не им е поделен на пратениците. Би ве замолил г-дине претседателе практично пратениците да го добијат Законот во текот на денешниов ден се надевам, а потоа да ја уврстиме оваа точка во дневниот ред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Вие имавте можност г-дине Стојановски тоа да го направите порано, а не на денешнава седница.

Ве молам кој е за предлогот на г-динот Стојановски нека крене рака? (19 пратеници).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Според тоа, за денешнава седница го предлагам следниотдневен ред.

1. Предлог на Закон за изборни единици за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија;
2. Предлог на закон за отпад;
3. Предлог на закон за одржувањ на јавна чистота, собирање и транспортирање на комунален цврст и технолошки отпад;
4. Предлог на закон за вршење на занаетчиска дејност;
5. Предлог на закон за ученички и студентски стандард;
6. Предлог за донесување на Закон за задолжување на РМ кај Мегународното здружение за развој по Договорот за кредит по Проектот за структурно прилагодување на социјалниот сектор во Република Македонија и Договорот за кредит по Проектот за техничка помош за пензиската реформа, со Предлог на закон;
7. Предлог за донесување на закон за дополнувањена Законот за трговски друштва, со Предлог на закон;
8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Македонија, со Предлог на закон;
9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за банките и штедилниците, со Предлог на закон;
10. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за избирачките места, со Предлог на закон;
11. Предлог за донесување на Закон за вонпарнична постапка, со Предлог на закон;
12. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата за соработка во областа на науката и технолигиите меѓу Валдата на Република Македонија и Владата на Република Белорусија, со Предлго на закон;
13. Предлог за донесување на закон за ратификација на ЕУРОКОНТРОЛ Меѓународна конвенција за соработка во безбедноста во воздушниот сообраќај од 13-12-1960 година, дополнителен протокол на Меѓународната конвенција на ЕУРОКОНТРОЛ за соработка во воздухо-пловната безбедност, ЕУРОКОНТРОЛ дополнителен протокол со протокол на потпишување на 6 јули 1970 година и протокол кој врши измени од 21 декември 1978 година, протокол дополнување на Меѓународната кон-венција на ЕУРОКОНТРОЛ за соработка во безбедноста на воздушната пловидба од 13 декември 1960 година заедно со нејзините прилози и мултилатералната спогодба за надоместоци за прелети, со Предлог на закон;
14. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Договорот за трговска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Малезија, со Предлог на закон;
15. Предлго за донесување на Закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Малезија за поттикнвуање и реципрочна заштита на инвестициите, со Предлог на закон;
16. Предлог за доенсување на Закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Македонската влада и Албанската Влада, со Предлог на закон;
17. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за основното образование, со Предлог на закон;
18. Предлог за донеусвање на закон за изменување на Законот за средното образование, со Предлог на закон;
19. Предлог за донеување на закон за изменување и дополнување на Законот за отстапување на деловни средства од страна на претпријатијата во кои што Република Македонија и Агенцијата на Република Македонија за транформација на претпријатијата со општетвен капитал имаат акции односно удели,со Предлог на закон;

20. Предлог за донеусвање на закон за изменувње и дополнување на Законот за територијална подлеба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната смаоуправа, со Предлог на закон;

21. Предлог за донесување на Закон за гаранција на Република Македонија за исплата на средства кои се јавуваат како разлика на стечајната маса до вкупниот влог од побарувањата на граѓаните кои имаат штедни влогови во штедилниците што отиода под стечај до 30.091997 година, со Предлог на закон;

22. Предлог за донесување на Закон за производство и промет на оружје и воена опрема ;

23. Предлог за донесување на Закон за печати и жигови со Грбот на Република Македонија,

24. Предлог за донесување на Закон за државен печат на Република Македонија,

25. Предлог на Програма за изменување и дополнување на Програмата за користење наоредства што ги остварила Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал за 1998 година.

26. Предлог на одлука за правилата за рамноправно медиумско претставување за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во 1998 година,

27. Предлози за именување на вицегуврнери на Народна банка Репувлика Македонија,

28. Предлог на одлука за именување претседател, член и членови на Дражвната Изборна Комисија, секретар и нивни заменици;

29. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Пехчево,

30. Предлог на одлука за давање на согласност на Статутот на Факултетот за учители и воспитувачи во Битола,

31. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Крива Паланка;

32. Предлог на одлука за огласување и именување заменик на Основниот јавен обвинител во Основното Јавно обвинителство во Кичево;

33. Предлог на одлука за огласување избор на судија во Основниот суд во Гостивар,

34. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавното претприатије МРТ - Скопје.

Дали има предлог за изменување и дополнување на дневниот ред.

Има збор г-динот Илија Каров.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеаници, почитувани претставници на Влада.

На 95-та седница поставив предлог на дневниот ред да се дополни со Информација на Владата на РМ за транзитот на раноградинарските култури низ РМ и злоупотребите кои што се прават со маке-донските документи надвор од територијата на Република Македонија.

На истата седница претставникот на Владата потпретседателот на Владата Димитар Бузлевски извести дека Владата расправала за овој проблем и ќе му достави информација на Собранието за наредната седница.

Ние, штотуку го усвоивме записникот од 95-та седница, на минатата седница го потсетив претставникот на Владата г-динот Зибери и во таа прилика ми беше потврдено дека информацијата е изготвена и ќе биде доставена.

Би прашал, бидејќи оваа седница е последна, како стојат работите, ветено е од потпретседателите на Владата, дали има можност пратениците да бидат удостоени со оваа информација околу злоупотребата на транзивното поминување со домати низ Република Македонија.

Второ, што сакам да предложам дополнување на дневниот ред на оваа седница имено, утре петок Комисијата за земјоделие ќе одржи своја седница и ќе расправа по пет информации:

- Информација за организација на жетвата и откупот на житните кутлури;
- Информација за ефектите од примената на семенскиот материјал - амати;
- Информација за откупот на тутунот и подготовки за овогодишната реколта;
- Информација за спроведување на Законот за сточарство;

- Информација за кредитирање на индивидуалното земјоделско производство.

Бидејќи овие пет информации ќе бидат разгледани утре на Комисијата за земјоделие, предлагам во една точка од дневниот ред да биде дополнета со информација за состојбите на аграрот во РМ со која ќе бидете информирани вие почитувани пратеници со сите овие информации и заклучоци шлго ќе произлезат од утрешната седница на Комисијата за земј оделие.

Мислам дека ќе имате разбирање, ова е последна седница, и за оваа проблематика треба да бидете удостоени и информирани за целокупните состојби во земјоделието. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам претставникот на Владата да се произнесе по овие два предлози.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

По вториот предлог Владата нема да се произнесе, затоа што тоа е прашање на Собранието додека за првото пратеникот е во право, Владата ја разгледа Информација, таа се пречистува во Министерството за земјоделие и во текот на расправата на оваа седница веројатно ќе добиете, а дали ќе отворите расправа, ќе одлучи Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Првиот предлог на г-динот Каров го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (26).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Вториот предлог по однос на ставањето на дневен ред на овие информации го ставам на гласање.

Тие информации произлегуваат од Комисијата за земјоделие, што ги побара г-динот Каров.

Кој е за, молам да крене рака? (22).

Констатирам дека и овој предлог не е усвоен.

Има збор г-динот Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа. Јас би сакал на оваа седница да биде поднесена информација од стана на Владата на Република Македонија и ве молам овој пат да не биде крстено со маркетинг. Барам информација од Владата на РМ за состојбите и проблемите кои се јавуваат пред грчката амбасада или канцеларија во врска со издавањето на визи за граѓаните на Република Македонија. Мојот коментар е следниот.

Состојбите пред Амбасадата на Република Грција ме потсетуваат на филмовите на Фелини со разлика што актерите во овој филм се македонските граѓани. Граѓаните на РМ се понижуваат и се малтретираат само заради тоа што сакаат да добијат виза за да влезат во Република Грција и да потрошат пари за да го поминат својот одмор. Како што сум информиран во Републиак Грција граѓаните на Република Грција без пробле ми добиваат виза за да влезат во Република Македонија или да поминат низ Република Македонија.

Прашањето е што ќе преземе Владата на РМ за да ова малтретирање и понижување на граѓаните на РМ престанат. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Незнам кој во името на Владата може за тоа да каже.

Има збор потпретседателот на Владата г-динто Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Мислам дека ова беше поставено во вид на пратеничко прашање во смисла што ќе преземе, како такво може да се прифати а информација за денешната седница не.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Господине претседателе, вие точно знаете дека ова е последна седница и точно знаете дека оваа седница ќе трае долго време. Владата ќе има доволно време за да ја подготви оваа информација и да се распра-ва во Парламентот по оваа информација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да не помине туристичката сезона.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Знаете што, сезоната ќе помине, меѓутоа, малтретирањето на граѓаните ќе остане.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој  е за предлогот на г-динто Станковски, молам да крене рака? (23).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Има збор г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Пред месец дена побарав Владата на досегашната, на доденешнава Влада на РМ да поднесе информација односно извештај за досегашната работа за севкупната политичка криза на системот која се продлабочува од ден во ден за економскиот колабс, социјалните кризи и измислените таканаречени меѓунационални односи и тензии кои не постојат, туку се прават вештачки и побарав во исто време писмено, а немам до денеска одговор, денеска е последна седница, последен ден и баш ми е мило што е последна седница, последен ден и веќе нека не се повторува во исто-ријата на Македонија.

Побарав таксативно и писмено на 25 кога е примено во Собранието информацијата односно извештајот да се стави на дневен ред на Собранието на РМ на наредната седница значи пред 3 недели најдоцна на последната седница на овој состав на Парламентот. Последната седница е токму денеска не само што немаме информација, немаме извештај, туку немам ни во писмена форма одговор. Ред е во цел свет било која организација, институција, Парламент, здружение, асоцијација на крајот на својот мандат поднесат извештај, рапорт да се знае што работеле до сега. Иако формално ќе ги обавува Владата на досегашната владеачка партија на СДС своите функции до нејзиното конституирање, но во друг состав и од друга партија дури од ниедна партија од овие кои се во Парламентот најмалку, а тешко и од вонпарламентарните.  Тоа го немаме. Овие проблеми постојат и ќе ни тежат за време на изборите. Не како што беше прејудицирано дека некаква партија ќе основа Влада секако и истиот министер неколку пати рече не зборува за работи од својот ресор, од својата област, туку зборува за работи на ресорот за надворешни работи и обратно министерот за надворешни работи - зборува за работи од одбраната.и тоа на нестручен начин и двајцата. Затоа што не е стручна влада, не се стручњаци, кога читам кој што е има способности секако човекот да обавува друга работа јас во животот лекар никогаш не можам да бидам.

Затоа молам тоа што не е направено до сега во усна форма и во писмена форма доставете тука денеска оваа Влада треба да дојде комплетно на Собранието на оваа седница. Гледаме колку министри имаме односно заменици. Значи, треба да полагаат сметка да кажат што работеле до сега и на крајот да се опростиме. Ако случајно стане збор за уште некоја точка јас на вас тука било да сте  пратеници со мандат, а мнозинство без мандат, ако некој  за овие 4 години можеби нема да се видиме веќе и не би сакал никако да се видиме во овој состав службено или вие во овој парламент или јас во друг состав, да знаете. Исто не би сакал ако случајно некого сум го навредил ненамерно се извинувам, секогаш со помош на иронија да не дојде до скандал инаку човековото битие го ценам многу, достоинството и те како. Благодарам, можеби за последен пат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на г-динот Рамадани молам да крене рака? (5).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Има збор г- динот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван г-дине претседателе, дами и господа пратеници, почитувани министри навистина малку сум хендикепиран сега пред малку дознав дека е последна седницата, а само можам да кажам дека поминавме доста долг период на расправии, губење живци, но тоа е да се биде на-роден пратеник тоа е. Хендикепиран сум заради тоа што сметам дека две-три работи можевме да ги донесеме и не е лошо Владата да отвори малку очи на пример што? Три - четири пати овде се појавува со барање за нов насловен список на општините што ги создадовме за

степенот на нивниот развој, заради тоа што средствата што се акумулираат таму каде одат и каде се трошат. Тоа е многу интересна работа. Имаме 123 општини, ова е една работа.

Второ, не успеавме да извршиме делбен биланс помеѓу Републиката и старите општини со новосздадените општини. Тоа е многу негативно за сите нас како пратеници и како Влада. Ако бараме сукцесија на се она што се вика Југославија, пасивата и долговите ги признаваме, а она што останува нема ништо од тоа, пари и други работи, ние не можеме овде а камо ли да бараме од нив.

Мислам дека бвие три работи се многу важни и негативно ќе се одразува врз развојот на нашите 123 општини и општина Република Македонија во поедини региони.

Давајќи една голема храброст, честитка до сите нас за ангажирањата, за Владата, за министрите, јас верувам дека Владата и понатаму ќе работи знамки уверен сум дека РМ ќе живее и тоа сигурно на еден добар пат без разлика која партија ќе дојде. Меѓутоа, народот знае што сака.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немаме предлог.

Има збор г-динот Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседтеле, почитувани дами и господа, сметам за потребно да побарам една информација која Владата на РМ односно претставникот на Владата вети на 93-та седница дека ќе ја имаме на 94-т на 94-тата вети дека ќе ја имаме на 95-тата седница. На 95-тата седница вети дека ќе ја имаме на 96-тата седница и на 96-тата седница рече во понеделник ќе расправа Владата на РМ и за наредната седница сигурно ја имате. Поаѓајќи од тоа што секогаш сакам конкретно да се расправа и добро да се подготват точките на дневниот ред на секоја од овие сед-ници се согласував добро, нека биде наредната седница. Се работи за информација во врска со спроведувањето на стечајната постапка во штедил ницата ТАТ во Битола. Не сакам во оваа прилика да ви одземам многу време и да ги читам сите стенограми од сите овие седници.

Прво, сметам дека не само орган, институција, туку и личност која држи до својот авторитет ако не друго барем она што го има ветено пред пратениците и пред целокупната македонска јавност, треба да си го заврши.

Од овие причини барам за денешнава седница да се дополни со точка - Информација за спроведување на стечајната постапка во штедилницата ТАТ.

Сигурно ако претставникот на Владата што секоја седница велеше дека таа информција е во тек ќе ја разгледуваме на Влада и ќе ја доставиме сигурно Владата ја има разгледано и ќе ни ја достави. Морам да кажам дека на денешнава седница има предложено точка во врска со штедилниците, но тоа е различна од ова што јас го барам.

Кога ја барав оваа информација само еден аргумент напомнав реков во врска со спроведувањето на стечајната постапка на ТАТ постои таква завиеност, постои една состојба каде на многу граѓани на Битола дома им се доставуваат решенија со кои од нив се бара по 15-20 илјади марки, а луѓето ни криви ни должни не знаеле дека нивното име постои таму.

Од тие причини и бројните аномалии кои, според весниците, се слушаат дека се случуваат во врс<ка со стечајната постапка сметам дека Владата треба да си остане доследна ако не јавно да каже дека на сите овие седници што ги напоменав 4 изминати досега ги лажеле пратениците, а согласно со тоа и македонската јавност.

Понатаму, втората работа што сакам да предложам. Предлагам сите точки на дневен ред кои имаат само предлог за донесување на закон без предлог на закон, да не ги разгледуваме од следниве причини: ние денеска навистина не знаеме или е најдобро збуни го противникот, па што сакаш ќе правиш, едни велат последна седница едни претпоследна или се остава можност што значи тоа одложена е 98-та седница па дали се остава можност за некои работи да се одвиваат онака како што последните две години се одиваа во ова Собрание, но ако веќе е последна седница мислам дека, да не употребам потежок, збор, туку некоректно спрема

македонската јавност да имаме предлози за донесување на закон кој во ова Собрание ќе нема можност да ги разгледа како предлог на закон.

Дека сето тоа ќе биде само фарса и не спаѓа ни во политички маркетинг некои одве што го спомнуваат на крајот на краиштата ова е Парламент и исклучиво му е местото за политика, но сметам дека преминува предлог за донесување без  предлог на закон, преминува во фазата на лажење и затоа барем на крајот да си останеме во некој степен коректни спрема јавноста и предлагам сите точки кои што имаат предлог за донесување закон без предлог на закон, да се симнат.

Само едно ќе напменам, ние македонската, односно оние кои што на ваков начин размислуваат пред една или две седници,  фактички, ја излажавме македонската јавност,  со тоа што донесовме неколку пред-лози за доенсување на закон. Само пред јавноста да се каже да, ние еве сме за разрешување на некоја област. Ако тоа не следи на оваа седница со Предлог на закон кој што ќе го усвоиме, тогаш сметам дека не е коректно и дека таквите предлози треба да се симнат од денешнава седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Прво, да го ставам на гласање предлогот на г-динот Најдовски околу информацијата .

Ве молам, вие сами рековте шест пати досега се произнесуваат. Јас не можам да се согласам дали некој лаже, дали Владата или пратениците. Тоа е право секој да носи заклучок.

Предлогот на г-динот Најдовски за информација за спроведува-ње на стечајот на ТАТ, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Колку имаме пратеници во салата?

Пратениците да влезат во салата, барем да го утврдиме дневниот ред.

Еве, додека дојдат пратениците да ви кажам, бидејќи г-дин Најдовски беше петтиот пратеник што спомна дека ова е последна седница, сакам да ви кажам идејата зошто еве Владата предлага за наред-ната седница точките што беа закажани за 22 и 23 јули да бидат на оваа седница на дневен ред е ова токму што се случува во салата. Стравот дали ќе имаме идната недела кворум. Бидејќи, 23 и 24 јули добар дел од пратениците најавуваат и одмор, некои вадат и визи можеби ќе патуваат и надвор.

Значи, идејата беше максимално да го искористиме расположението и физичкото присуство на пратениците овде и да ги апсолвираме точките кои што се неопходни, пред се, за изборите и за спроведувањето на другите прашања, за реализација на други прашања. А, никој не го ограничува Собранието да свика седница по Предлог на овастен предлагач. Според тоа, нема никакви дилеми, никаде со Законот, со Деловникот нема пречка Собранието да свика и нова седница. Само не би било добро, не би било коректно спрема политичките партии кои што се надвор од парламентот непосредно пред изборите да заседава Парламентот.

Ве молам колку сега имаме пратеници во салата?

Бидејќи имаме доволен број пратеници да продолжиме со гласањето.

Предлогот на г-динот Најдовски во однос на информацијата за спроведување на стечајот на ТАТ, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 16 пратеници гласаа за.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Вториот предлог на г-динот Најдовски го ставам на гласање, а тој е сите точки кои на дневниот ред кои што се гледаат во прва фаза односно предлозите за донесување на закон, да се симнат од дневен ред на оваа седница, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 14 пратеници гласаа за.

Констатирам дека и овој предлог не е усвоен.

Има збор г-дин Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Г-дине претседателе, колеги и пратеници, јас би побарал во името на сограѓаните односно во името на напатените штедачи од ТАТ Владата за оваа седница да изготви и да достави до Собранието Информација, а Собранието да ја разгледува.

Содржината на информацијата да се однесува на писмениот предлог кој е по барање на Владата, а го достави одборот на доверители до Вла-дата уште во мај оваа година и за кој Владата сеуште не се има произнесено. Односно, во контактите помеѓу Одборот на доверители и Владата беше побарано писмен предлог да се достави до Владата во врска со преземањето на целокупната актива на штедилницата ТАТ. Таков предлог од Одборот на доверителите е доставен со допис уште на 8 мај оваа год. и Владата сеуште не најде за потребно да ја информира асоцијацијата или доверителите за односот на нејзиното мислење кон барањето.

Со оглед на сето ова барам Владата да изготви информација во која ќе не информира што мисли и како мисли да направи со Предлогот кој го доставија Одборот на доверителите и по тој предлог Собранието да расправа. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, претставникот на Владата да се произнесе,

Г-дин Зибери потпретседател на Владата

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Владата прифаќа да изготви таква информација, меѓутоа како информација лично за пратеникот, а не заради расправа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЕЧ:**

Очигледко г-динот министер, иако прифати и му благодарам што прифати, кој не ги знае своите ингеренции. Не е тој што одлучува дали информацијата ќе се расправа на Собранието или нема да се рас-права. Негово е да каже дали ќе ја достави или не, а Собранието ќе одлучи дали таа информација ќе ја гледаме или нема да ја гледаме.

Затоа, би замолил во иднина такви сугестии да не ни се даваат едноставно. Вашата ингеренција е да приготвите информација и да ни доставите, а наше е да си го кажеме зборот дали ќе расправаме по тоа или не. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро,г-дине Видимче, дали инсистирате да го ставам предлогот на гласање? (Да).

Кој е за предлогот на г-динот Видимче, молам, да крене рака? 12 пратеници гласаа за.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Има збор г-дин Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, бидејќи во меѓувреме предлог законот за измени во Законот за набување, поседување и носење оружје, им е поделен на пратениците, би предложил претставник на Владата, бидејќи тоа е општ интерес, да се произенсе и да прифати на оваа седница да се разгледува овој предлог на законот. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не ве разбрав.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Предлагам повторно да се размисли од претставник на Владата, бидејќи се работи за закон кој што е значае, потребен во овој момент, бидејќи во меѓувреме пратениците и претставниците на Владата го добија, за што кога првиот пат барав дополнување на дневниот ред, овој закон не беше поделен.

Молам, претставникот ан Владата да се произнесе.

Г-дин Зибер.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Со оглед на тоа што предлагач на оваа точка е пратеник, прашање е Собранието дали ќе го уврсти на дневен ред.

Доколку го уврсти, Владата ќе даде свое мислење по однос на Предлогот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Еве, предлогот на г-динот Стојановски уште еднаш го ставам на гласање, бидејќи законот во меѓувреме дојде.

Кој е за, молам да крене рака? 57 пратеници гласаа за.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Дали уште некој пратеник сака да рпедложи дополнување на дневниот ред? (Не).

Тогаш кој е за предложениот ред, молам да крене рака?

Пред да гласаме деловничка интервенција на г-динот Пецов.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитувани пратеници, ја користам приликата да кажам дека ќе бидам воздржан за дневниот ред и зошто ќе бидам воздржан кон овој дневен ред. Мислам дека на ова последно Собрание е ускратено правото да дискутираме за една многу витална работа за нашата држава и мислам дека ние пратениците спрема мене сносиме една голема одговорност во нерешавањето на некои проблеми, рпед се во финансиската свера. Ние знаеме дека еден од најгорливите проблеми во стопанството воопшто е финансиите и финансиските средства и ние се молиме на банки, и на други институции од светот како да ги пребродиме и економските и со-цијалните проблеми. Меѓутоа не се осврнуваме да ги погледнеме нашите проблеми, нашитеможности што ги имаме сами во државата. Ние по сите процени имаме 1 милијарда долари средства во државата под перници, така скратено викаме кои не се изнесени во финансискиот систем. Се-каде во светот постојат штедно-кредитни задруги на кој начин се овоз-можува овие граѓани да ги внесат парите во финансискиот систем и со нив да се послужат и сами да си помогнат. Опфатени се можеби 80 или 100 милиони луѓе во светот. Има такви 40 или 50 илјади штеднокредитни задруги во 100 држави. Ги има во сите развиени држави, ги има во сите земји во транзиција. Мислам дека јас ја разбирам Владата и Народна банка зошто несака да го поддржи овој рпедлог. Бидејќи се создава проблем, бидејќи тие не можат да се решат со тие приватни штедилници кои работат за профит и ги упропастија штедачите.

Меѓутоа, тука се штедачите и имаат подеднакво право, по еден глас имаат и една акција. Тие се врзани на територијална основа, на претпријатија и сл. и во светот тие задруги не се крадат. Ние не сакаме да зборуваме за една многу витална работа како пратеници. Во нашиот систем, со претходниот систем за финансиски институции, изгаснаа што ги имавме порано овие задруги. Со овој закон за штедно-кредитни задруги што ги формираме, неможе да се формираат. Ние имаме, почитувани пратеници, празнина во овој систем, имаме законска празнина. Една агенција на САД две го-дини и нешто престојува тука и на располагање ни дадоа 4 милиони марки да не уб.еди дека е тоа многу корисно за нас и дека тоа ние треба да го прифатиме и сами да си помогнеме. Да си решиме многу економски и социјални проблеми. Меѓутоа, ние упорно не ги слушаме. Јас сакав и тие ми наоѓаат забелешка дека кај нас има недостаток на деморкатски процес.

Јас со овој предлог на закон сакав да го ставам на Парламентот и ние да им кажеме дека кај нас има демократски процеси. Ние предлогот да го оставиме на Владата во раце и бидејќи сите контроли ги овозможува Народна банка и Влада, можеше Народна банка да не издаде ни на една штедно-кредитна задруга дозвола. И Владата и Народна банка можеа пак да го скратат тоа да нема штедно-кредитни задруги кај нас, бидејќи во законот тоа го има и кажано е. Меѓутоа, ние си дозволивме како парламентарци сами да ги ускратиме процесите демократски, поготово, на една од највиталните области која ја имаме.

Затоа, мислам дека за тоа немаме доволно слух за некои работи и дека многу се владееме по Владата која сака некои обврски или Народна банка сака некои обврски да ги сибне од себе. Навистина, ги симна, но ние не ги симнавме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака? 56 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Двајца).

Дали некој се воздржува од гласање? (Двајца).

Молам, колку пратеници има во салата.

63 пратеници се присутни во салата.

Очигледно е дека некој не гласал.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Ве молам ,пред да дадам збор на некој, сакам нешто да ве замолам. Никогаш досега во овој мандат не сум го користел деловничкото право од член 107 од Деловникот околу ограничувањето на дискусиите.

Со оглед на големиот број точки од дневниот ред сакам да ви предложам дискусијата на еден говорник по едно прашање може да трае пет минути, а за шефот на пратеничката група 10 минути. Со единствена цел, бидејќи мораме да ги донесеме ако сакаме изборите да бидат навреме спроведени некои од дневните точки мораме да ги апсолвираме од точките на дневниот ред мораме да ги апсолвираме многу побрзо.

Тоа е единствената причина од која се раководев да ви предложам, можеме, ако мислите дека не може за пет минути дискутант да искаже се. Еве, да дискутира 10 минути, а само еднаш да има право да се јави по истата точка.

Предлогот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? 54 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Девет Пратеници гласале против

Дали има некој воздржан? (2 пратеници).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Значи, да повторам секој пратеник по една точка има право да се јави само еднаш и да дискутира во рок од 10 минути, а шефовите на пратеничките групи 15 минути.

Мислам дека и досега никогаш не било повеќе. Тоа било ретко.

За збор се јави г-дин Џаферовски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, предлагам точката 28 Одлуката за избор на членови на државната изборна комисија и нивни заменици да биде како точка еден од причини што имаме обемен дневен ред и заради тоа што државната изборна комисија има огромни обврски за припремање на акти за претстојните парламентарни избори. Затоа, добро е да биде прва точка за да овозможиме Државната изборна комисија да се конституира и меѓувреме дури е овој Парламент да работи наредната недела за да може да обавува одредени работи.

Се надевам дека овој предлог ќе го прифатите и однапред ви се заблагодарувамч.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи околу оваа точка нема спорно меѓу пратеницчките, групи, усогласен е предлогот на Комисијата за избори и именување, предлагам да го усвоиме овој предлог на г-дин Џаферовски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Минуваме на точката Дваесет и осум - Предлог на одлука за именување претседател, членови на Државната изборн акомисија, секретар и нивни заменици.

Предлогот наодлуката Ви е доставен.

Отворам претрес. Молам кој бара збор?

Збор има г-дин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри. Барам едно појаснување.

Дали може претставник на политичка партија да биде лице на висока функција во правосудните органи, како што е Бекир Исени, заменик јавен обвинител на РМ, а предложен е како претставник на ДИК од страна на ПДП. Ако може нема проблем.

Инаку ништо немам против, што се однесува до неговите струч-ни и морални кваитети, тука е се вред, познат почитуван правник судија и претседател на Општински суд, но мислам дека

практично неговиот избор се коси со она што значи независност на судската власт и независнсот на она што значат обвинители, заменици и т.н. Ако не е спротивно на овие одредби вред е, со спротивно ќе треба да се предложи друг кандиадат.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, неспоивоста на функцијата член на ДИК и член на некоја партија во истовреме функционер во Јавното обинителство мислам дека со именувањето во ДИК му престануваат сите функции во партијата. Овде ние утврдивме лсита на кандидати на ДИК кои ги предложија политичките партии. Неспоивоста на функцијата Јавен обвинител и член на ДИК Комисијата не може да ја цени, едноставно прифати она што политичките партии го предложија и го утврди како таков предлог.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немаме дискусија околу тоа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Од страна на Јавниот обвинител на РМ г-динот Стеван Павлевски овие денови е испратено писмо до сите обвинителства во државата во кое што децидно се забранува активирање на сите вработени пред изборите, за време на изборите и во изборната кампања. Да се биде член мислам дека е сосема депласирано да зборуваме за споивост или не спо-ивост. Може да се биде член и може да се работи, но да се биде званично претставник на партија во ДИК на позиција заменик обвинител на државата, мислам дека поголема неспоивост од тоа нема.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Со Законот за избор на пратеници беше определено политичките партии да предлагаат свои кандидати за ДИК. Единственото ограничување кое што стои во Законот е тоа да биде од редот на правниците. Бидејќи тој услов е исполнет и кандидатот што тие го предлагаат нема да биде ниту член на партијата, ниту пак има некаква врска што тој може да биде во судските или во некои други органи. Тој е нивни претставник во ДИК и ги има овластувањата што му ги дала партијата за да биде член на ДИК.

Според тоа мислам дека предлогот е сосема коректен. Комисијата за именувања го прифатила така како што го добила, тој е правник, што го исполнува единственито услов кој што е ставен како огра-ничување во Законот за избор на пратеници и сметам дека треба да биде избран за член на ДИК.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани, министри почитувани дами и господо. Се јавив во име на Пратеничката група на ЛДП да искажам резерва и несогласност предлогот г-ѓата Ингилизова да биде повторно избрана за претседател на ДИК, од следните причини.

Имено, во демократските земји постои некое непишано правило при изборот на претседател на ДИК да се прават консултации помеѓу партиите на власт и партиите во опозицијата со цел за претседател на ДИК да се избере личност во која сите партии учеснички во изборниот процес ќе имаат неприкосновена доверба за да се заштити регуларноста и чесноста на целата изборна постапка за да нема некои по крупни забелешки од страна на најважните политички партии во изборниот процес.

Вие добро се сеќавате дека ова би било продолжување на мандатот на г-ѓата Ингилизова, затоа што таа беше и претходна претседател на ДИК. Во нејзиниот мандат во 1994 година се случи бојкот-от на две големи политички апртии, на ВМРО-ДПМНЕ и тогашната Демократска партија во вториот изборен круг што остави еден негативен печат и белег за вкупните демократски процеси во Македонија, па и за работата на ова Собрание.

Исто така во текот на овој состав на Собранието од страна на пратеничката група на ЛДП беше покренато прашање за интерпелација на работата на г-ѓа Ингилизова во знак на незадоволство за водењето на постапката при локалните избори, односно повторените локални избори за советници во општина Битола, мотивирани од прифаќањето на нашата иницијатива за Врховниот суд на РМ по некои одлуки донесени од страна на ДИК, кои беа сосема спротивни од ставовите на г-ѓа Ингилизова односно на ДИК.

Од тие причини сметаме дека во Врховниот суд на РМ има доволно квалитетни и компетентни судии кои би биле прифатливи за сите политички партии како во позиција така и во опозиција и би било добро за претседател на ДИК да биде избран друг член на Врховниот суд, со што мислам дека ќе се влее доверба во фер и демократски избори за изборите кои треба да се одржат оваа есен.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Околу оспорувањето на господата од ЛДП за претседател на ДИК да биде г-ѓа Ингилизова расправавме и на комисијата и образложението е исто што г-ѓа Ингилизова го даде овде кое овој Парламент апсолутно го прифати. Во суштина не може да има никаква вина претседателот на ДИК ако некоја партија се заборави кои и се членови на некоај изборна комисија во локална самоуправа или изборна единица. Тоа си е работа на политичките партии да селиди кои му се членови, дали напуштиле или не напуштиле. Овој Парламент тоа го утврди и сметам дека апсолутно е неспорен предлогот г-ѓа Ингилизова да биде претседател на ДИК, затоа што оценките од Меѓународната заедница, од ОБСЕ, од Советот на Европа за спроведените локални избори беа апсолутно високи во време кога таа беше претседател на ДИК и воопшто оценките во републиката се дека г-ѓа Ингилизова, авторитетно ја води ДИК без никакви грешки, без никакви манипулации и затоа нема причина да се навраќаме повторно на образложението од времето на интерпелацијата која беше доставена на нејзина адреса.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали ушт енекој  бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? 52 пратеника гласаа за.

Дали некој има против? 3 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање? 7 пратеника се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување на претседател, членови на ДИК, секретар и нивни заменици.

Минуваме на точакта еден - Предлог на закон за изборни единици за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Има збор г-дин Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван г-дине претседателе, дами и господа пратеници. ова е последниот закон од таканаречениот пакет на изборни закони, по чие донесување изборите ќе може да започнат.

Врз основа на собраниската расправа и предлозите што во рамките на таа расправа беа дадени по предлогот за донесување на Закон за изборните единици за избор на пратеници во Собранието на РМ Владата Ви го предлага денешниот текст на законот, во кој што се содржани основните начела кои беа поддржани од страна на ова Собрание а тоа е изборните единици да имаат релативно подеднаков број избирачи со што се зачувува практично еднаквата изборна моќ на избирачите во секоја изборна единица со отстапувањето од минус десет до плус десет посто од просечниот број на избирачи, територијалната компактност на изборните единици и нивната економска и комуникациска поврзаност, заради квалитетно претставување на секој дел од РМ во идниот македонски Парламент.

Во согласност со предлозите што беа дадени во рамките на парламентарната дебата, тогаш а подоцна и на комисиските расправи, Владата на РМ пристапи кон одреден број на измени кои што всушност се сведуваат на минимум измени во овој закон со оглед на тоа што претставниците и на парламентарната, но и на вонпарламентарната опозиција изразија висок степен на задоволство од законот и имаа самите предлог таквиот закон да биде донесен уште во првата фаза.

Минималните отстапувања кои што се дадени во некои од изборните единици одеа во насока да се усогласат барањата за да имаме по компактни единици и да се усогласат интересите на политичките партии што беа изнесени во рамките на дебатата по овој закон.

Од друга страна истовремено Владата ги усвои барањата пред се од страна на опозицијата од текстот на законот да испадне членот 5, со кој што се предлагаше, каде беше утврдено "доколку некое населено место не е определено ниту во едно избирачко место избирачите од тоа населено место да го остваруваат своето избирачко право во најблиското избирачко место", затоа што навистина анализата ни покажа дека всушност не постои ниту едно населено место кое што не е опфатено во рамките на избирачките места, а исто така го прифативме предлогот од опозицијата да настане измени во членот 6 во кој што се вели дека ДИК ќе ги објави описите на изборните единици најдоцна 30 дена пред денот на гласањето со што се овозможува по донесувањето на овој закон веднаш да бидат објавени описите на изборните единици.

Сакам да нагласам дека во процесот на донесувањето на овој закон, Владата и Министерството за правда како нејзин дел практично остварија мошне корисна и плодна соработка со претставниците на сите политички партии, како од вонпарламентарната така и од парламентарната опозиција и сметам дека најголемито дел од забелешките кои што беа дадени се прифатени, со цел да добиеме закон кој што мислам дека ќе биде прифатен со големо мнозинство од страна на овој Парламент и кој што нависитна ќе гарантира доверба во тоа дека ќе обезбеди висок степен на репрезентативност во идниот Парламент, односно таков степен на претставување кој што ќе одговара на сите политички партии што ќе учествуваат во наредните избори.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Молам, кој бара збор.

Има збор г-динот Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ.**

Почитуван претседател, почитуван министер, почитувани пратеници. Вистина е дека денеска го заокружуваме пакетот на изборни закони со кои дефинитивно ќе се воспостави регулативата на избори на Република Македонија.

Мојата првична оценка на законот, односно на пакетот на закони е дека со овој пакет на закони се прави напори пропустите направени во минатиот пакет на изборни закони да се поправи, но сеуште не можеме во потоплност да бидеме задоволни со тоа што е направено со оглед дека ние мислиме и понатаму дека може уште повеќе да се направи во смисла за реално претставување на интересите на граѓаните или групациите, со тоа што да се обезбеди доволен слух пропуст на моќ на овој пакет на закони да граѓаните на РМ организирани во политички партии или асоцијации кои се предвидени со закон да можат да претставуваат волја на граѓани да се направеше напор таа можност да ја имаат во поголема мера.

Кога го велам ова го имам предвид фактот дека пакетот на закони е еден битен предуслов за демократичноста и можноста во РМ во потполност да е развие волјата на граѓаните. Така да таквите пропусти првенствено се однесуваат на дел од граѓани кои не можат во мнозинскиот систем, иако со овој пакет на закони има една можност со пропорционалниот дел, пропорционалната листа тие што не ќе можат во мнозинскиот дел да ја изразат својата волја да ја изразуваат преку пропорционалната листа, но сеуште постојат групации иако имаат заеднички интереси, било да се регионални, било да се територијални, па макар и национални, такви пропусти се направеникако што е случајот во Куманово еден голем дел на граѓани од албанска националност не можело да се формира една изборна единица во која тие ќе можат во тој дел од мнозинскиот дел да ја изразат својата волја.

Таа групација, тој  број со поголеми напори, со повеќе разбирање ќе може можеби денеска по пат на амандмани да се исправи, така да им се овозможи и на тие популации да имаат свој претставник во парламентот, без оглед од која политичка партија и како ќе бидат претставени, но во секој случај пропусната моќ на реално претставување на интересите на граѓаните со овој пакет на закони требаше и мораше да се сочува.

**КЕНАН  ХАСИПИ:**

Почитуван г-дин претседател,  господа пратеници,немав намера да дискутирам, но ќе бидам сосема краток, бидејќи повод ми беше една реченица од министерот, постигнавме плодна

соработка со сите политички партии и дека се усвоени забелешките на најголем број политички партии.

За жал со последниот чин се изврши дефинитивно егзикуција на некои помали политички партии. Јас го поздравувам донесувањето на овој последен акт од пакетот на изборни закони, меѓутоа изјавувам дека нема да гласам за овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара бзор.

Има збор г-динот Илија Каров.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почитуван претставник на Владата, по Предлог законот за изборни единици за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија би се задржал само на изборните единици 4 и 5, кои се застапени во Кочанскиот регион.

Познато е дека со последната територијална поделба во Република Македонија од поранешната општина Кочани се издвоија новитс општини: Зрновци, Оризари, Облешево и Чешиново и се разбира и Кочани.

На овој простор порано беа многу добро распоредени три изборни единици.

Во изборната единица 32 припаѓаше само градот Кочани, Изборната единица 33 ја опфаќаше целата територија на сегашната општина Зрновци и поголем дел од територијата на општините Облешево и Чешиново, односно сите населени места лево од железничката пруга Кочани - Штип.

Изборната единица 34 ја опфаќаше територијата на сегашната општина Оризари, селата од Осоговскиот регион што припаѓаа на општина Кочани, како и сите населени места десно од пругата Кочани - Штип.

Од распоредот на поранешните изборни единици 32, 33 и 34 јасно се гледа дека во голема мера се водело сметка за природните граници, територијална и географска поврзаност со јасно изразена комуникација и целовитост на изборните единици.

Сега, со овој закон што го предлага Владата, а кој беше тајно разгледуван од општинските раководства на владеачката партија СДСМ, па во оваа верзија во најголема мерка се вградени забелешките од СДСМ, особено тоа се потврди со вградување на забелешките на општинското раководство на СДСМ - Кочани. Очигледно е дека при креирањето на сегашните изборни единици во Кочани 4 и 5 се тргнало токму од оценката дека на СДСМ на изборните единици, изборнтие резултати добиени од локалните избори 1996 година и на вонредните избори во изборната единица 34, оваа година.

Сегашниот предлог за Изборните единици 4 и 5 во кочанско е така конципиран да одговара на некакви математички пресметки на СДСМ, за негов сопствен успех на претстојните парламентарни избори. Но, почитувани пратеници по мое мислење направени се тешки превиди, неправди и нелогичности во определувањето на Изборните единици 4 и 5. Сегашните пет општини Кочани, Оризари, Зрновци, Облешево и Чешиново заедно имаат 39.499 избирачи, што според лимитот на изборни избирачи максимум избрани избирачи 20.099 гласачи плус, минус 10% во една изборна единица идеално би се вклопиле сите гласачи од поранешните изборни единици 32, 33 и 34 во ново предложените Изборни единици 4 и 5, а притоа без да се напушти деценискатa интегрираност на овој регион по многу заеднички проблеми од областа на стопанството, образованието, здравството, комуналната и сообраќајната инфраструктура со која тесно и меѓусебно се поврзуваат општините: Оризари, Кочани, Зрновци, Облешево и Чешиново. Јас сум убеден, а и Вас почитувани пратеници Ве уверувам дека министерот за правда господинот Спасов е дезинформиран и просто излажан околу природанта поврзаност и целовитост на спомenатите општини, односно меѓу предложените единици, Изборни единици 4 и 5. Кочанскиот регион со предложените Изборни единици 4 и 5 е неправено најразбиениот регион во Република Македонија, каде што не е почитувана природната целовитост, природните граници и постоечката сообраќајна поврзаност. Префрлувањето на околу 3500 гласачи од градот Кочани, поточно од Месната заедница "Генерал Апостолски" од Кочани.во другата Изборна

единица број 5 е чист цинизам и навреда за овие граѓани од Кочани. Намерата на Владата е јасна и е добро позната на навредените и револтирани граѓани од поедините улици во Месната заедница "Генерал Апостолски" во Кочани.

Не впуштајќи се во оцена на другите изборни единици сметам ако намерите на предлагачот би биле чесни и реални, тогаш Изборните единици 4 и 5 би бвле составени на следниот начин. Изборна единица 4 би го опфаќала Кочани, десно од течението на Кочанска река со населените места од општина Кочани, потоа целата општина Облешево и Чешиновска општина со околу 19.000 гласачи. А во Изборната единица 5 да влезат Кочани што се простира на левата страна од Кочанска река и целосно општините Оризари, Зрновци и селата од осоговијата што им припаѓаат на општината Кочани.

Почитувани пратеници и господине министер Спасов, зошто да носиме закон со толку многу комплициран состав на Изборни единици, со толку многу теснопартиски интереси и коридори. Примерот со Кочани нема никаква поврзаност на неколку улици од Месната заедница "Генерал Апостолски", што се наоѓа во источниот дел од Кочани да се префрла во западниот дел од кочанскиот регион во друга Изборна единица во Облешево, сосема на западната страна од кочанскиот регион. Разбиена е комактноста на општинската целина на Чешиново која дел е префелена во Пробиштип и Злетово, а дел во Облешево. Не е водено сметка за одалече носта на населените места во центарот на изборната единица. Случајот со селата на Осоговските планини кои што се префрлени во Виница на оддалеченост од 40 километри без да имаат патна и друга комуникациска поврзаност со Виница. На општината Облешево се додаваат гласачи од градот Кочани. И во исто време од Облешево се одзема село Уларци и се префрла 45 километри во оддалечениот Пробиштип. Срамно и многу срамно. Сите овие ујдурми се нечесни, неправедни и нај навредливи за граѓаните од Кочанскиот регион.

За да се ослободите од овој срамен предлог, господине министер ви предлагам Изборните единици 4 и 5 во кочанскиот регион да бидат поделени на два, а како природна граница да биде Кочанската река при што ќе се добијат идеално, праведно поделени две изборни единици со еднаков број на гласачи. И што е најважно ќе се зачува природната поврзаност и целовитост на изборните единици 4 и 5. Гласачите почитуван министер тоа од Вас и го очекуваат. Во спротивно ќе утврдиме дека не го почитувате начелото на територијалната компактност и не се почитуваат природните граници а пак ако тоа го сакате, тогаш бришете го тоа од начелото на законот. И ако има разбирање господинот министер за овие укажувања спремни сме да седнеме да поразговараме да изготвиме заеднички амандман и да ја исправиме навистина оваа голема неправда.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници, ова е последниот закон од пакетот изборни закони, со што ќе создадеме услови за благовремено распишување на есенските парламентарни избори. Ние за овој закон зборувавме уште во првата фаза, а нешто зборувавме и при усвојувањето на двете фази од Законот за избори на пратеници.

Само да потсетам дека тогаш реков дека 85 Изборни единици е долна граница во која што може Македонија да се дели на изборни единици, а да не се создаваат големи проблеми околу создавањето на изборните единици, односно да нема големи нелогичности како што беше случајот со Подареш и слично. И ценам дека најголемиот број на Изборни единици како се зацртани сега не се спорни и би рекол дури и природни особено таму каде што една општина има една изборна единица, или една општина, или град со соседни општини претставува идеално две изборни единици како што е Кавадарци, 3 изборни единици како што е Велес и да не набројувам и тн. Иако министерот рече дека се прифатени најголемиот број на забелешки од политичките партии, можам да кажам дека најголениот број забелешки од Социјалистичката партија не се прифатени. Ние имаме забелешки на Изборната единица главно на Виница која што повлекува потоа, еве пред малку исто слушавме и во Кочани, во Берово нешто и во Делчево.

Имаме забелешка би рекол мала која што можеме без проблем да ја отстраниме на Изборната единица број 15 со една мала замена само на две места, тоа е Изборна единица

Кратово и дел од Куманово и на Изборните единици 82 до 85 во општина Чаир и општините кои гравитирaат, односно кои произлегоа од поранешната општина Чаир.

За истите поднесовме амандмани и очекува во амандманската расправа да бидат прифатени овие наши предлози, со кое цениме дека ќе се подобри овој Закон за изборни единици.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Тоа што го кажав за време на првата фаза кога беше Предлогот за донесување на Закон за изборни единици и за избор на пратеници во Собранието на РМ, тоа важи во целина иако неколку пати беше објавено преку средствата за јавно информирање, па дури денеска тука слушнавме дека се земени во предвид дури и забелешките на пратнеицитe а и на партиите. Конкретно скоро од ниедна партија немаме никакви забелешки, незнам ниту од мојата партија најверојатно нема вака во псимена форма во прв ред, а нашите забелешки, а посебно моите кои беа тука изнесени за време на првата фаза не само што не се земени во предвид воопшто, а имав впечаток дека самиот министер на досегашната до денешната владеачка партија некако добив впечаток дека со мимика се согласи со мене кога бев на говорница минатиот пат, затоа што грешките беа толку големи посебно во тие досегашни мои три изборни единици во Кичево и Кичевско.

Сметав затоа што дадов и конкретни предлози,мислење аргументирани со факти дека навистина немаше смисла, тоа беше катастрофално за овој дел  на Македонија за овие моите три изборни единици поблиски, а најверојатно слична е состојбата претпоставувам во цела Македонија и можеби е познато пред неколку дена мислев дека ќе биде овој закон нешто подоцна, а текстот го добивме дури во понеделник, значи само вторникот ни беше еден ден, а оваа точка беше за вчерашната седница предложена, значи еден ден вие малку да размислите и да се прелистат. Во таа смисла за среќа во голема несреќа скоро немаше никакви измени, или сосема како фасада минимални таму каде на досегашната владеачка партија и конвенира повеќе па ги средила приликите некако. Инаку, објективно точно нешто ништо нема. Затоа тоа е мој говор важи во целина. Денешниот говор кој што го подготви во писмена форма за најмалку половина час и во усмена исто толку,  бидејќи за прв пат е ограничено времето,  ќе се обидам да не биде дури ни 10 минути, па затоа дискусијата ќе ја приложам во стенографските белешки. А тука освен што зборувам како изгледаат сега овие изборни единици некако на некој начин поврзано со тоа ги насликувам како треба да бидат овие изборни единици, а посебно партиите па без пардон со ред и до мојата, па ќе видите, можеби ќе прелистате кој има можност.

Имам поднесено место најмалку 3 ги подготвив после првата фаза можеби ќе беше веднаш по скратена постапка па да бев спремен, тогаш три амандмани и сакав да ги средам тие досегашни три изборни единици на бившата околија Кичево и на бившата општина Кичево, меѓутоа тука нормално имав намера како што изјавив дека треба да се среди околу националната структура дека мојат бивша и идна заедничка општина Кичево треба да има.двајца пртеници. Од тоа од познати причини кога се знае како ќе биде епилогот од 33 амандмани, откажав да не биде врз национална основа, затоа што знаев дека нема да бидат прифатенми. Па сега се подготвив намерно во секое време треба да пристигне еден амандман кој нема врска со тоа, туку ќе биде еден голем испит, ќе погледате сами за досегашната владеачка партија. Заправо за Владата; дека барам само поместување на тие изборни единици дури и во Крушево за да не одат луѓето најмалку 200 километри од Србиново кој треба граѓанинот значи да гласа на две избирачки места во Зајас, односно РЕК "Осломеј" 4, 5 избирачки места дури одат во Брод, значи преку општина Зајас, преку општина Кичево, преку општина дури на десна страна останува Другово преку Вранешница преку Класница па дури Сопот па оди до Брод. Па тоа нема смисла навистина.  И не мора да го прифати затоа што нема врска со мојот интерес. Во мојата изборна единица што повеќе е зголемена и со две избирачки места од Гостивар. Така што таму немам никаков пробив ниту како партија,  ни како член ни како пратеник досегашен, евентуално иден.Мислам дека за себе,  а не за мене Владата ќе биде толку фер па тој амандман кој доаѓа го прифатив, тој е во нејзина полза, нема врска со албанците во

Кичево туку со сите граѓани дури на 12 општини па врзани со четири изборни единици 39, 40, 41 и 42.

Од друга страна мислам дека ова нема смисла тоа и сами го знаете и сами, само погледајте каде се селата Србиново да речеме и Падалиште па каде одат до Брод. Нема смисла. Преку планина треба со авион па да оди таму поблизу. Можеби така Владата од канцеларија на бирократски начин им изгледаат дека тие општини се блиски, но тие немаат врска се оди околу 200 километри. Па затоа еден добар испит ќе биде.

Сега што? По моето мислење иако правиме едно преместување, значи ќе погледате во Крушево ќе остане исто, значи се поврзувам со овие поблиски до мојата изборна единица и да биде тоа подобро за овие од Гостивар, Србиново и тн. во Крушево ги поставува на ист начин ќе погледате во амандманот сите избирачки места. Демир Хисар останува потполно,значи немам априори само да срушам нешто како јас сакам да се сруши концептот на предлагачот. Исто Сопотница останува во целина. Вранешните е многу поблиску до Крушево до Демир Хисар, Сопотница и така во јужниот дел многу далеку на самата општина како центар, како седиште на општина Вранешница па да не зборуваме за Кичево веќе каде доаѓа. Значи во Кичево е напревено исто едно поместување мало, така што не го рушам контекстот напротив тоа доаѓа за доброто на сите граѓани на овие 12 општини, а ако сте забележале сум побарал дури пред 5,6 дена сум испратил писмо баш во овој поглед за оваа цел до сите општини во Република Македонија, значи до 123 па дури и до градот Скопје, случајно ако имаат некои забелешки тогаш да ги стават ако треба, јас поднесувам ако треба 85 амандмани за секоја општина. По мое мислење во поголемиот дел слична е ситуацијата, а во овој дел каде предлагам јас амандмани можам да ги бранам, а може да служи сега и ова како одбрана, мислам дека е сосема тешко и катастрофално. Морам да признам поради вистината дека предлагачите составителите на овој закон било тоа за време на првата фаза и за време на втората фаза не им е лесно да знаете. Верувале или не само за ова еден амаднман.

Значи кога барам преместување на овие четири изборни единици да ги средиме на некој начин, а влегуваат нормално 12 мали општини селски со 1600 жители иако нема ни толку, некаде нема ниту 50, многу тешко беше навистина.Значи треба да се види таму реално, објективно и далечината и тие начела кои ги бараше предлагачот за време на првата фаза па треба нормално и број на жителите, па плус, минус 10, да не биде под тоа, над тоа, навистина можеби потрошив околу 100 парчиња хартија. Значи не беше лесно, а камо ли за 85. Меѓутоа ако се соработуваше со сите општини, со сите пратеници со сите стручњаци и партии, јас мислам ако нема лоша намера, а изгледа дека е во прашање ќе имавме многу подобар закон затоа што овој закон не се гласа за овој состав на Парламентот, ниту за идниот.

Затоа сметам, овие забелешки ако се своевиден одговор, дури предлагам како што предлагав за време на првата фаза, ова навистина да биде како нацрт - закон. Знам дека нема време, но некаде при крајот на август да се одржи уште една кратка седница токму за оваа точка, да се среди малку и да биде од корист на сите граѓани на Република Македонија, за да бидеме објективни, затоа што се враќа како бумеранг, не се знаат изборите, може да се сврти работата и да излезе така како што некој не може ни да замисли.

**Сали Рамадани:**

**ПРЕДЛОГ на ЗАКОН за ИЗБОРНИ ЕДИНИЦИ за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија**

(97-та седница од 15.07.1998 на Собранието на РМ )

- Специјален и опроштаен додаток на крајот на мандатот -

Бидејќи, како длабоко ориентиран алтруистички ми е жал за тешката материјална состојба во која се наоѓа апсолутното мнозинство на сите граѓани на РМ, поврзана со политичката криза на системот, економскиот колапс, социјалните тензии и драматизираните меѓуетнички односи

итн., неколку пати во вид на пратенички прашања, информација, па дури и целосен извештај, побарав одговор од Владата на Владеачката партија на СДС, но, иако нетрпеливо го очекувале тоа граѓаните, таков одговор не добив никогаш, бидејќи, не само дека се работи за каприциозност, немарност итн. итн., туку и за неспособнос и страв од вистината, бидејќи кога ќе се отвараше една таква општа дискусија во Парламентот, кога Владата ќе се соочуваше со безброј аргументи, нема да најдеше никаков излез, ќе се компромитираше тотално, ќе беше принудена да даде веднаш неотповикувана оставка и морале да се предизвикуваат предвремени парламентарни, па дури и локални избори!

Кога се наоѓаме пред евентуалното донесување уште на еден многу важен, али и лош, ама ептен лош компониран, инконструисан законски проект, кога веќе не ни се даде можност заеднички, али искрено да се побара и пронајде излез од овие ќорсокаци, од сите овие кризи, кои севкупно ја доведуваат во преголем потенцијален ризик и безбедноста, стабилноста и самостојноста на нашава убава држава, Република Македонија, убава и богата со природни и под природни ресурси, со подарени фантастични убавини во секој поглед, меѓутоа сиромашна во главата и во џепот, граѓаните со право прашуваат, бараат одговор и излез од оваа сеопшта криза!

Одговор и излез нема, ниту желба, ниту способност да се даде и пронајде од оваа Влада на владеачката партија на СДС!

Меѓутоа, одговор и излез мора да има!

Одговорот и излезот е само во новите парламентарни избори!

Али како? Како да се гласа и за кого да се гласа!

Како да се гласа, сега веќе процедурата се знае, меѓутоа како да се спроведува истата каква-таква, т.е. објективно, реално, точно, за да не се повторуваат грешките на минатите избори!

Кога сме пред донесувањето и на последниот закон на изборната регулатива, како што е Предлог на Законот за изборни единици за избор на пратеници во Собранието на РМ, ред е да се даде максимален допринес и во овој поглед за доброто на сите граѓани на РМ!

Имено, преку и овој законски проект треба да се даде одговор како да се излегува од општата криза?!

Бидејќи на сите јазици на светот, народот вели: "Само од смртта нема излез, додека од се другото има", тогаш со едно подолго и тоа долгогодишно рационално размислување и во овој поглед, иако до денес ми беше една мала политичко - деловна тајна, за доброто на сите граѓани на РМ, веќе е последниот , момент да ја откријам и публицирам јавно, јасно и гласно:

Генерално, воопшто речено, кога се работи за излез, а излез има, во прв ред, граѓаните на цела РМ, треба исто така, ако веќе, случајно не го направија досега, за овие неколку месеци да размислуваат исто така длабоко и рационално, а потоа да се определуваат за кого ќе гласаат!

Избирачите, го произннесувам моето лично мислење, треба да гласаат: за најквалитетниот кандидат во секој поглед! Во прв ред кандидатот за кого ќе гласа избирачот треба да има човечки особини, значи да е човек, да е прв човек во секој поглед во неговата средина и подалеку од тоа. Потоа, кандидатот треба да ја сака својата нација и тоа многу да ја сака, али да не мрази ниедна друга, ама баш ниедна, бидејќи тоа порано или подоцна ќе му се врати како бумеранг и ќе му се врати со лошо токму нему и на неговата нација! Понатаму, кандидатот треба да е добар односно одличен верник, т.е. да ја сака својата вера и тоа многу да ја сака, али во исто време да не мрази ниедна, туку да им ги честита верските празници и на припадниците на другите вероисповести! И на крајот, кандидатот да е способен за да може сите овие особини да ги произнсува во името на своите избирачи на говорницата на Парламентот и да гласа за законски проекти и други правни акти кои ќе бидат во корист на сите граѓани на РМ!

Избирачот не треба да гласа за кандидати кои не ги поседуваат овие особини. Избирачите не треба да гласаат ниту за кандидати кои се кариеристи, т.е. кои се борат по секоја цена да се држат на власт или да дојдат до власта на штета на другите, поквалитетните кандидати. Не треба да се гласа ниту за кандидат кој е лакалистички расположен, т.е. кој прави разлика меѓу припадниците на разните места, региони итн. Не треба да се гласа ниту за кандидат кој е

материјалист во финансиската смсила на зборот! Не тртеба да се гласа за кандидат кој сака да дојде на пратеничката клупа по секоја цена, кој има болни амбиции за столица, туку за кандидати со највисоки квалитети, иако не сака да се кандидира, туку самите граѓани да иницираат кандидирање негово, да го убедуваат, па дури и замолат, па ако треба и да му ги исполнуваат некои најелементарни услови на времето! Дури квалитетниот кандидат да го "натераат" да се кандидира, ако ги исполнува најквалитетните услови. Кога сме тука, треба да се кандидира човек кој е спремен во секое време да даде оставка од функцијата пратеник и да му го отстапува неговото место секо-гаш па најспособниот, кој се појавува во меѓу време на политичката сцена!

На ваков начин, многу кратко, али и креативно, творечки, од научно - мултидисциплинарна гледна точка го анализиравме и насликавме за кој кандидат треба да гласи ибирачот.

Меѓутоа, бидејќи поголемиот дел, барем на досегашните кандидати односно пратеници се вклучени во редовите на некоја од регистрираните партии, се поставува прашањето за која партија односно за кој кандидат на која партија да се гласа?

Бидејќи ова е исто така деликатно, осетливо, ќе почнам прво од петте односно шестте регистрирани партии на Албанците во РМ!

Во исто време, му одговара некому ова или не, се лути некој или не, како и секогаш во животот и тука ќе бидам објективен и нема да има пардон за ниедна партија, без никакви априористички определувања односно без никакви предрасуди!

I. Ќе почнам од нај минорната на мојата национална припадност:

1. Демократски сојуз на Албанците - Либерална партија, со или без овој додаток со лошо раководтсво, не само што не треба да добива ниту еден глас, а камоли и пратеник, туку ако мнозинството на членството има позитивни особини, а се изманипулирани, треба да се брише од политичката сцена, да се изолира тотално, додека условно мнозинството на членството да и се приклучат на Правата Демократска Партија на Албанците!

2. Партијата на Демократска Акција - Вистински пат: има многу добро, скромно и поштено раководство, но бидејќи е основано подоцна и под специфични услови тешко е да се авансира и како таква скоро во целина треба да се приклучи на Правата Демократска Партија на Албанците!

3. Партијата за демократски просперитет односно Републиканската партија за национално единство, која скоро произлезе од дел од членството на првата заедничка партија на Албанците во Македонија е исто така многу скромна, али и многу чиста, поштена, добра и морална партија со современа етика, но како основана под специфични услови од преостанатиот дел од првата партија, незаслужено остана минорна и како таква, без некоја коренита трансформација, неможе да има голема перспектива и како таква има големи шанси, со временски големи заслуги кои им се вратија на првите основачи како бумеранг, заблагодарејќи се на првиот лидер, кој со некои осцилации остана доследен на своите определби, па затоа и оваа партија треда да се врати од стартот, али со ново искуство, со нови идеји и да до даде својот допринос и со специфичниот кадар во редовите на Правата Демократска Партија на Албанците, која уште не постои!

4. Партијата за демократски просперитет: Ова не е таа првата партија на Албанците во РМ, како што претендира да се покажува али и никако да се докажува, туку е една од двете односно подоцна трите фракции на првата партија, со потполно катастрофално централно раководство, со пратеници, министри и други функционери, не да се лојални на државата, со која немаат никаква врска, туку се лојални на своите лажни, групашки, клански и теснопартиски интереси, а како такви лојални на владеачката партија на СДС односно на нивната заедничка привремена Влада! Во оваа партија се останети и голем дел на поштени вработени, па дури и функционери кои не знаат или не сакаат да се вознемируваат и ја гледаат својата работа, па било до каде да се тера! За разлика од раководниот дел, во оваа партија апсолутното мнозинство на членството се многу добри граѓани, али манипулирани, или индиферентни, погрешно убедени дека оваа е нивна, заедничка прва партија на Албанците, па сега дури и рамнодушни, малку поколебливи, со дилеми, малку поплашливи, малку поврзани со семејни или

лични интереси и не излегуваат на гласање или пак им ги фалсификуваат гласовите, односно се предомислуваат каде и до кога?

Во оваа партија, раководсвото или треба да се трансформира од корени и да се ослободи од импонираните, поврзани со големи лични и фамилијарни интереси или пак да се елиминираат од политичката сцена со недавање ниту еден глас, токму од нивните најблиски и почитувани, додека поширокото членство и нивните изманипулирани симпатизери да раскрстат со нив еднаш и засекогаш ако ги сакаат своите деца, своите најблиски и себеси, па како такви да и се приклучуваат исто така на Правата демократска артија на Албанците, која во исто време и има и нема врска со ниедна од партиите на Албанците!

5. Народна демократска партија: Ако се анализира, исто така накратко, како уште непризната односно нерегистрирана во рамките на обединетата Демократска партија на Албанците, тогаш нејзиното основање како втора партија на најголемата популација во Република Македонија, треба да се каже дека првите чекори беа скоро одлични и со иницијативата на првото раководство во нејзините редови беа вклучени поголемиот преостанет дел на најквалитетните и назаслужените кадри од редовите на Албанците, со некои исклучоци на инфилтрирани поединци и безначајни групации, меѓутоа, после внатрешните први, а и последни упаѓања и наводно реконструкција и реорганизација, било тоа и преку поединци, бидејќи се плашеше владеачката партија, успееше на перфиден начин да ја стави под своја контрола и тоа трае и во перспектива! И апсолутното мнозинство на оваа поарттија, од кога ќе ги откртие инфилтрираните јавни или камуфлирани кадри кои работат дури и за далеку туѓи интереси, а во интересот на своето пошироко членство, треба да се приклучи исто така на Правата демократска партија на Албанците!

6. Партијата за демократски просперитет на Албанците односно Демократската партија на Албанците де факто во коалиција со НДП: Оваа партија исто така на разединетиот вонреден конгрес на ПДП, излезе како де факто или де иуре поголем или помал дел кога првата партија на Албанците се одвои на две фракции. Во нејзините редови се престроени односно построени поквалитетниот дел на членството и поголем дел на раководниот кадар, дел од кои се манипулирани од околу пет лидери на централното раководство и нешто помалку и од некои ограноци или подограноци, кои се исто така инфилтрирани не само од страна и под директива и контрола на владечката партија на СДС и нејзината Влада, свесно или несвесно, туку и од други надворешни струи и агентури кои се вертикално и хоризонтално поврзани не само со оваа, туку и со владите на неколку други држави.Факти имам колку сакате и на адекватно место и во свое време и тие ќе ги објавувам. Излезот: и оваа моја најквалитетна партија, во прв ред на Албанците на Балканот да се реорганизира, реформира и ослободи од внатрешната неспособна, дилетантска, каријеристичка, локалистичка и со материјално-финансиски интерес клапа на поединци и мала група со повторно обединување, али објективно, точно, реално, а не механичко, фиктивно, камуфлажно, во една Права демократска партија на Албанците, во која еден од главните лидери, ако не и главен, веднаш, без никаква дилема треба да биде, кој друг, туку бившиот и идниот пратеник во Собранието на Република Македонија и градоначалник на општина Гостивар, г. Руфи Османи, за чије привремено елиминирање од политичката сцена сем Владата на владеачката партија на СДС, " заслуги" имаат и некои од лидерите на ДПА!

Само на овој начин, со преструктуирање на партиите на Албанците ќе имаме поквалитетен Парламент и Влада, побогата, стабилна и самостојна држава, Република Македонија!

Во оваа смисла, Албанците во РМ и не само тие, својот допринес ќе го даваат само кога ќе се приклучуваат со апсолутно мнозинство на единствената, повторно обединетата партија, со работно име во риорганизирање односно реосновање: Права демократска партрија на Албанците! А до нејзиното признавање односно регистрирање, доколку не пристигнуваат, случајно да се консолидираат до есенските парламентарни избори, можат да излегуваат и тоа масовно, најмасовно, сите на гласање и со независни кандидати во изборните единици спрема мнозинскиот принцип односно со листа на 35 кандидати како "група избирачи" спрема пропорционалниот принцип!

II. Што се однесува до партиите на припадниците на помалите национални колективитети: турците, ромите, србите, бошњаците, муслиманите, власите и другите, за да не ги згази потполно стихијата, тие треба или да се групираат во еден заеднички блок, или пак да и се приклучуваатат на Правата демократска партија на Албанците и со тоа не да се конфронтираат деструктивно со Македонскиот народ, туку да се чува некако балансот на демократските процеси за заедничкото добро на цела РМ!

III. Нешто накратко и за македонските партии:

1. Помалите вонпарламентарни македонски партии: Бидејќи се повеќе и засега не претставуваат некоја релевантност во македонската политичка сцена, ги групирам заедно и сметам дека поголемиот дел се многу добро ориjентирани, само што не можат да го најдат своето место и да се снаоѓаат! Една од најдеструктивните е МААК - конзервативна, која, посебно со албанофобското држање нема да успее никогаш и е само прашање на времето, секогаш мислам на раководството, во прв ред на потесното, кога ќе се елиминира тотално од политичкиот живот!

Помалите најпрогресивни вонпарламентарни македонски партии за да го даваат својот допринос за доброто на РМ, треба да се групираат и да соработуваат најискрено со заедничката и повторно обединетата Права демократска партија на Албанците со можност за коалицирање во извршната власт!

2. Од вонпарламентарните македонски партии секако треба да се истакнува ВМРО-ДПМНЕ, како најголема, најсилна и најмакедонска ориjентирана партија на македонскиот народ, но и воопшто. Ова е најискрена, најчиста и најсмела партија на македонскиот народ. Не само членството туку и потесното раководство го сакаат својот народ, работат за него и делумно за Македонија. Тој аспект односно сегмент сум го ценил од нејзиното основање и сум го кажал јавно и тој ќе ми биде мојот животен став, поради тоа што ова е вистина, без оглед на тоа што можат да ми замерат и некои Албанци, па дури и со добра намера!

Меѓутоа, иако првите нејзини ставови беа исто така албанофобски, во некои период, можеби јас со мојата толеранција го дадов скрмниот допринес во таа смисла, малку ги ублажи нејзините ставови, меѓутоа не останаа доследни секогаш, а тоа може би е за маркетинг, иако тоа кошта многу и се враќа како бумеранг. Се надевам дека, иако и дадов можност и досега, ќе си ја бара соработката во прв ред со мене, али тоа пред парламентарните избори, кога се знае дека без Албанците не може да се формира никаква влада. Но, и ВМРО-ДПМНЕ има огромни недостатоци. Накратко: за време на минатите парламентарни избори погреши што ги бојкотираше, иако за време на вториот круг ќе можеше да добива од 20-30 пратенички места! Истиот лидер на една перфидна и инфилтртирана партија ја измами и му го одзеде Скопје итн.за време на локалните избори, а и понатаму се об идуваат да ја измамат! Тоа е нивна работа, али вака не се сака Македонија! Со ВМРО-ДПМНЕ, за малку да пропуштам, можам да разговарам и за други уште порелевантни прашања и за судбината на Македонскиот народ околу кои скоро никој не се осудува да разговара од научно конструктивен аспект.

3. Демократската алтернатива е стара-нова појава и доста дискутабилна. Се подсомнева дека сем кариеристичките цели на поедини лидери тоа е фиктивна алтернатива на СДС, а фактички на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа значи дека тоа што го изгуби првата, почнувајќи од невработените, стечајните работници, социјалните случаи и другите незадоволни, да ги "собира" и да му ги даде под форма на коалиција кога ќе биде потребно. Ако и се поблиски ставовите со потребите на Албанците, сем еден комплимент преку ТВ, со ништо не ми докажа дека е спремна да разговара и да се догори со мене, туку соработува со илегитимни тн. Албанци! Време има уште ако има искреност, меѓутоа...

4. Либерално - демократската партија: раководството, вон пратениците наводно парламентарна опозиција, иако фиктивна, што сум го изнесол неколку пати и од самата гаворнца на Парламентот. Сите се амортизирани, застарели левичари, кои треба да одат комплетно од политичката сцена, бидејќи и во самиот Парламент се компромитирани, иако работат и дење и

ноќе да дојдат повторно на власт, тоа нема да им успее, бидејќи за сите кризи во РМ сносат заедничка одговорност со владеачката партија на СДС.

5. Соицијалистичката партија: Исто така како и другите левичарски партии, кои го наследија злогласниот Сојуз на ко(со)мунистите треба да и се стави крај и да си оди од политичката сцена, иако има поедини лидери кои се реновирани и може да се разговара што главниот и го бараше од мене лично, меѓутоа во една прилика го одбив!

6. Социјал - демократскиот сојуз: Исто така е верен наследник, само во друга форма, на Сојузот на ко(со)мунистите. И преку нејзината Влада имам за неполни три години активна и конструктивна научно - правна и политичка дебата во Собранието на РМ една десетина дебели книги. Тоа важи во целина, додека многу кратко: сите кризи во РМ се нејзина "заслуга" и ако случајно се деси да и понатаму да биде било тоа и во коалиција во идната Влада на РМ, било тоа и со еден пратеник, бидејќи знае да камуфлира, да манипулира и што не, да направи, тоа ќе биде и понатаму на голема штета за РМ. Се надевам дека и нејзините избирачи тоа сега веќе го знаат и иако лично јас би сакал да добие само еден пратеник иако не заслужено, од оваа партија, па да му докажам уште нешто невидено, објективно речено и сите параметри и патишта водат кон тоа, оваа партија до доживее заслужена катастрофа за време на идните парламентарни избори!

Па каков е тогаш излезот за македонскиот народ?

1. Прво, би требало исто така од апсолутното мнозинство на неопределените избирачи, доколку ќе дозволи времето да се основа исто така Права демократска партија на Македонскит раководена од прави демократи со особини кои ги изнесов и на почетокот на овие мои размислувања и на која автоматски да се приклучат невработените, стечајните работници, заслужените пензионери, правите интелектуалци и високи познати експерти, помалите прави демократски партии, селаните, работниците, просветните работници, лекарите и другите здравствени работници, инжињерите и техничарите од сите сфери, правите верници, студентите, полнолетните ученици и младината воопшто, а посебно половината на населението како што е најнежниот и најубавиот пол итн.итн.

2. На Правата демократска партија на Македонците да и се приклучат не само евентуалните симпатизери и апсолутното членство на вонпарламентарната опозиција и на позицијата, туку и изневерените и освестените од членството, иако не им е баш лесно, меѓутоа нека се снајдуваат како сакаат, бидејќи затоа е предвидено во целиот свет гласањето да биде тајно со гласачки ливчиња!

3. Ако случајно до тогаш не може од објективни или и од субјективни причини да се регистрира Правата демократска Партија на Македонците, тогаш да се постапува на ист начин како што е речено и за Правата демократска партија на Албанците и др. т.е. привремено и формално како независни кандидати, односно од група избирачи, но со програма и изборна платформа на ПДПМ.

4. Ако се мора, како што е вообичаено, да еден дел на избирачите да се определи за една од регистрираните партии, тогаш им препорачувам да се определат за Демократската алтернатива или ВМРО-ДПМЕ, било тоа како проба, бидејќи другите ги испробавме и им го видовме шерот односно "ајрот", но со вонапред договорено, со еден фер консенсус и тоа во писмена форма со печат и потпис на сите странки!

Овој е мојот скромен допринес за излез од оваа невидена криза, која, ако се продолжи вака, секако дека ќе се продлабочува уште повеќе и не се очекува ништо друго, туку општа катастрофа! Ова го изнесов без никакви лични причини или интерес, туку за доборото на сите граѓани на РМ, кои ми се јавуват секој ден со стотина и илјада во разни форми од цела РМ!

Благодарам - Тунгатјета!

**НАЗМИ МАЛИЧИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почитувани министри. Со предложениот Закон за изборни единици за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, за Куманово не е почитуван принципот да се формираат изборни единици врз исти основи и начела,

односно еднаквоста на гласот на секој избирач, избирачката моќ и за секоја изборна единица и природната, географската и територијалната, економска поврзаност на населението.

Со предлагањето на овој закон, без прифаќање на одредени промени, поготово за Изборната единица број 15 и 18 и Изборната единица 17 и 20 се нарушуваат основните принципи на природно, територијалната и економската поврзаност на населението.

Креаторите на Изборните единици за Куманово и во новоформираните општини, граѓаните од албанска националност на овој дел од Македонија би довеле во положба идните парламентарни избори да немаат никаква важност или мотив за гласање. Ова го велам затоа што креаторите на изборните единици, дали меѓу нив се и пратеници од Куманово, или лоши преговарачи, нека се тие и од мојата партија, што го скроиле најлошиот модел на изборни единици, на штета на граѓани албанци од Куманово.

Се поставува прашањето со која причина или намера граѓаните на Куманово да немаат можност да го остварат своето право со можноста, со групирање како жители на ист град, на иста околија, иста општина каќо територијална целина и како национална целина. Албанците на општина Куманово ја имаат таа "чест" да се поделат на пет изборни единици. Се поставува прашање чии интереси ги доведоа бирачите албанци да не знаат за кого да гласаат и да немаат ниеден претставник, или да бидат во состојба да играат некоја улога на џокери, или некоја мета на пазарење. Дали тука имаше некои партиски интереси на некоја партија. Ќе ве уверам дека направиле лоша проценка, бидејќи таа можност да манипулираат со гласачи албанци во Куманово, ќе ја немаат. Ако пак се поставува прашање дали за тоа постои некој интерес на населението на Куманово, без разлика на национална припадност, со сигурност можам да тврдам и за тоа немаше причина, затоа што меѓунационалните односи во Куманово се традиционално добри и се во правец на натамошо надоградување во позитивна смисла.

Затоа, сигурно со задоволство сите граѓани, без разлика на националната припадност во Куманово ќе се гордееја да се најде меѓу пет пратеници македонци еден албанец. Сигурно таа чест е и на граѓаните на Куманово да го следат еден пратеник, свој сограѓанин албанец, кој ќе ги брани интересите на град Куманово и пошироко.

Почитувани пратеници, почитуван министер. Убеден сум дека оневозможување на 18.000 избирачи албанци да се групираат барем во две или три изборни единици не е од државен интерес, бидејќи не се поттикнува можноста на идниот пратеник да има своји активности во интерес на населението и што ги покрива на тој дел со добиените гласови. Поточно, за албанците во Куманово се суспендира правото да се поврзуваат со личноста пратеник за дадениот глас. Тоа е направено од страна на креатори со пол ни амбиции за кариера, по секоја цена да бидат пратеници, или да биде пратеник, кои на жалост ја имале, или ја имал таа можност да има влијание и кај министерот, за кого сум убеден дека, до колку ќе имаше доволно информации истото немаше да го почитува. Но, се надевам дека за истите, се разбира за креаторите за овие изборни единици во Куманово ќе остане само болна амбиција за кариера, за тоа што граѓаните на Куманово ќе бидат повнимателни за кого ќе се определат. Нема да бидат послушни на лаги и летки што имавме при-лика да ги следиме во минатите избори, јуриш на гласање, бидејќи добива албанец. Имавме прилика тоа да го слушнеме од политичари кои не се срамат да ни продаваат и идеи и демагогија за сожителст-во во Куманово.

Сега по конкретно која природна, географска, економска и комуникациска поврзаност.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Маличи сакам да ве предупредам дека имате уште две минути за дискусија, па вие распоредете го времето.

**НАЗМИ МАЛИЧИ:**

За изборните единици во Романовце, избирачко место број 1091 и 98, населено место да се поврзува со избирачкото место број 15 или која е таа поврзаност со тие принципи на Изборната единица 20, со избирачките места на населеното место село Черкези. Ја нема таа поврзаност, бидејќи изборното место 1088, Железничка станица и изборно место Љубидраг ги дели. Таа поврзаност ја нема.

Се надевам дека министерот ќе прифати некој амандман што до некаде ќе се најде оправданоста со предвидените принципи за изборните единици и ќе се води сметка за природна географска поврзаност и другите принципи што треба да се почитуваат и за изборните единици во општина Куманово.

**ФАИК АБДИ:**

Почитувани пратеници, бидејќи многу порано го усвоивме Законот за пратеници и ставивме еден праг таму, но што е тоа е, колку ќе успее толку, имаме големи партии, имаме и мали партии Господинот министер за правда се согласи да разговараме и да дадеме наши предлози. Наши луѓе беа кај него, се договараа за една варијанта, меѓутоа испадна како да таа варијанта на нас ќе ни штети. Не е точно. Ќе ни штети сегашната варијанта. Ние се враќаме во еден период во 1969 година каде што една изборна единица претставуваше населбата Шуто Оризари, селата Горно Оризари, Бразда, Мирковци, Горњани, Кучевиште, Чучер, Побожје, Љубанци, Љуботен, Долно Блаце, Горно Блаце, Танушевци, Малино, Брест и што ја знам уште кои.

Само за ваше информирање, Шуто Оризари има најповеќе роми, па македонци, па срби, па муслимани, па албанци и други. Во овие села првите: Горно Оризари, Бразда, Мирковци, Горњани, Кучевиште, Чучер, Побожје и Љубанци има македонци, срби и којзнае уште колку националности, додека во Љуботен, Долно Блаце, Горно Блаце, Танушевци, Малино, Брест, албанци. Ние сме ставени во една таква положба, целото внимание да го свртиме во нашата изборна единица и да заборавиме Македонија заради тоа да има барем половина човек овде ромче. Тоа шаренило е одраз на националниот состав на граѓаните на Република Македонија.

Но што е тоа е, изборите ќе ни дојдат. Пак ќе пвторам една реченица, до колку не се избере ниеден ром овде, јас не зборувам за некоја национална основа, затоа што знам СДСМ има само еден македонец муслиман овде, сите други се македонци. Но не е битно, тоа е партија. И ова е граѓанска пратија. Веројатно Република Македонија и овој Парламент во своите анали ќе ги има залагањата на ПЦЕР и се она што ПЦЕР со својот претставник направи за Република Македонија и за граѓаните на Република Македонија.

Отворено кажувам дека и она што баравме списоци за одредени населени места по изборни единици, не можевме да ги добиеме, не сме ги добиле, но не е битно, ќе се потрудиме некако да се организираме подобро, за да ни биде и на нас поубаво и светот да знае дека во Република Македонија има и националности, помали ентитет.

**ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ:**

Господине претседателе, господине министре, господа пратеници. Немав намера да дискутирам по законот, бидејќи точно е тоа дека во него оствaривме одредено учество на нашата партија, како и сите политички партии, затоа што законот кој во форма на предлог беше даден на консултации и заземање на ставови од страна на сите политички партии. Повеќе излегов за да одговорам на некои прашања, односно да отстранам некои импутирања на сметка на општинската организација на СДСМ Кочани, дека таа е таа што учествувала во кроењето на општините и во правење на некаква карта која нејзе најповеќе и одговара.

Точно е и тоа дека општинската организација, веројатно како и сите други расправаше и даваше свои размислувања по однос на текстот и на содржината на законот, како веројатно, и ЛДП што расправала. Ако тоа не го направела, веројатно тоа е грешка.

Точно е дека ние во текот на фазата Предлог остваривме повеќе контакти во седиштето на нашата партија во смисла да се овозможи поранешната општина Кочани да биде една единствена општина каде можат сите овие 39.000 гласачи да изберат двајца пратеници. Нормален беше интересот за тоа заради традиција и се друго, начин на живеење и сплотеност, беше овие грагани да имаат единствено двајца пратеници. Нормално, желбата е тоа да бидат од нашата партија, а сигурно изборите ќе покажат од чија. Проблемите беа од објективна природа. Министерот тоа и го кажа, а веројатно и одговорот кога ќе го даде ќе го каже точно.

Се јавуваат општини кои не можат да обезбедат доволен број на гласачи од своите општини, нормално ова е закон за цела територија на Република Македонија и не може да се обезбеди строго следење на атарот на границите на општините. Ако кај нас овие 39.000 беа поделени по

19 и нешто илјади, ние го исполнувавме оној крајниот цензус. Ќе останеше општина Виница без 4.000 гласачи, ќе останеше општина Злетово без 600 гласачи, со Карбинци уште повеќе. Значи сведоци сме дека во содржината на законот, а заради целта дека се 85 по изборниот модел мнозински принцип, дека треба да се обезбеди, а заради она што беше основното еднаква тежина на правото на глас. Значи да бидат приближно, бројот на гласачите од 16 до 20, да нема општина со 5.000 гласачи, општина со 20.000 и се дојде до ова што мислам ни на една политичка партија од општина Кочани сигурно не и одговара, не само на ЛДП.

Затоа јас мислам дека од овде такви импутирања или инсинуации дека тоа е општинска организација која ги крои, нема потреба од нив, бидејќи ние и немаме потреба од тоа, затоа што и на сите овие избори што беа одржани и локални и за избор на пратеници имаме доста добри изјаснувања во корист на нашата партија и на нашите кандидати за пратеници и градоначалник, така да нема потреба да ги издвојуваме населбите или луѓето, а со тоа однапред да ги квалифицираме незнам како. Тоа се однесува и за населбата Генерал Апостолски. Таа има околу 3.000 гласачи и 3 гласачки места. До колку бидат во градот Кочани, што ние го сакаме, тогаш Кочани би бил 21.000 а другите општини: Облешево, Виница, Чешиново и Зрновци би останале не со 17, туку со 14.000. Значи не ќе можат они цензусот да го исполнат од минимум 16 илјади и нешто. Тоа е причината.

Затоа јас би сакал овде да бидат отстранети сите сомневања за некакви кроења од страна на општинската организација на СДСМ.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван министре, почитувани дами и господа пратеници. Кога станува збор за изборната регулатива во суштина станува збор за творење на повеќепартискиот систем во Република Македонија и творење на уставно - правниот поредок на земјата, затоа што бројот на гласовите на мандатите во Парламентот, може да биде и Уставот променет па и целиот уставно - правен систем во земјата. Поаѓајќи од тој факт дека изборната регулатива дефакто го твори и уставно-правниот поредок на една земја, значењето е огромно во врска со донесувањето на таа законска регулатива.

Пред неколку месеци ние го донесовме Законот за избор на пратеници, кој во суштина го детерминира со Законот за изборни единици. Ако се тргне од фактот дека прифативме комбиниран модел на избори во Република Македонија, а тоа дека од 120 пратеници ќе се бираат 30 пратеници по пропорционалниот систем на затворени листи, тогаш се определивме Република Македонија да биде една единствена изборна единица, што значи дека идеалното решение го потрефивме во врска со практицирањето на тој модел, кој дефакто го прифативме да бираме пратеници по пропорционалниот модел на затворени листи, кој еве и сега ќе го имаме во Парламентот. Што значи дека со тој модел на вистински начин ќе ја видиме политичката артикулација на интересите во Република Македонија од една страна, а и да ја видиме вистинската политичка моќ или кредибилитетот на политички партии кои, еве дејствуваат во Република Македонија.

Кога станува збор за мнозинскиот принцип, прифаќајќи во Република Македонија бираме 85 пратеници по мнозинскиот принцип, тоа значи дека во Република Македонија Законот за изборни единици ќе се преферира да има мали изборни единици. Малоста на изборната единица не значи по бројот на гласовите во изборната единица, туку по бројот на пратениците кои се бираат во таа изборна единица и по еден теоретичар Роен Михелс Келзен, објаснувајќи дека изборните единици по мнозинскиот принцип се делат на унино-минални, полино-минални, на мали, средни и големи и тн. Нашиот изборен модел дефакто го прифатил униноминалниот или малите изборни единици, каде во една изборна единица се бира еден пратеник.

Секогаш зад таков изборен закон стојат две становишта:

Едно е да се преферира државниот интерес дека, бидејќи изборната единица е место каде дадените гласови се претвораат во мандати, а од друга страна каде политичките партии директно ги добиваат и ги губат изборите и вреднувајќи го самиот Закон за изборни единици, колку, дефакто, го операционализира Законот што го прифативме за избор на пратеници по

мнозинскиот принцип тоа во суштина кажува дека во Република Македонија како државен интерес, дали таквата поделба на изборните единици реално ќе ја одразат вистинеката вволја на граѓаните, од една страна.

Од друга страна да обезбедат вистинска артикулација на разликоста на интересите на населението кое еве, живее во РМ, втора страна.

Трета страна дали ефикасно таквата власт ќе ја исполни својата функција, како орган, а тоа е Собранието да може да донесува релевнатни одлуки што дефакто ќе станат стабилизационен фактор во Република Македонија.

Четврто, дали на вистински начин изразената слободна волја на граѓаните ќе се материјализира по бројот на дадените гласови.

Тоа се државните интереси што, дефакто Законот за изборни единции до крај ги испочитувал.

Никогаш не може да се земе само еднострано или еден вредно-сен критериум за Законто дали еден закон е добар или не. Ако изборната географија на поврзување на изборните единици е единствениот критериум,во РМ, можевме да ги нацртаме изборните единици со прави линии. Не. Во суштина стојат и други критериуми за тоа е критериумот заради разликоста на населението по сите разликости кои ги има населението во РМ, дали на вистински начин таквата подлеба на изборни единици реално ќе ја изразува различанта артикулација на интересите на населението во РМ.

Од тие причини и отстапување на тие географски вредности принципи во правењето на изборните единици не е грешка, затоа што на другиот принцип во поделбата на изборната единица се добива да се постигне стабилна и ефикасна власт во.Република Македонија.

Вреднувањата на политичките партии на Законот за изборни единици е сокогаш различно. Малите политички партии секогаш го напаѓаат Законот за изборни единици, на малите изборни единици, бидејќи нивните шанси се мали, од една страна, а од друга страна, локалните интереси на одредени политички моќници кои ќе учествуваат во изборите на кроењето на интересот во добивање на гласовите за добивање пратеничко место, секогаш ќе стои. Никогаш не може да биде избришано, затоа што делувајќи политичките партии измеѓу приватното и службеното, тоа значи дека приватните интереси на граѓантие кои ги преферираат преку своите опции, преку Програмата, треба да ги претворат во правни документи преку државата. Секогаш тој интерес ќе биде присутен и никогаш таа борба за изборните единици нема да заврши со принцип.

На крајот би сакал да кажам и тоа дека Законот, сепак судрувајќи ги двата проблеми, а тоа е партискиот интерес и државниот интерес, бидејќи секој проблем е проблем на мерка, а таа мерка обезбедува релативно стабилна хармонична политичка средина во РМ, а тоа е ефикасна власт, што може реално да ги артикулира интересите во РМ на сите граѓани во државата, мислам дека донесовме, со одредени поправки, донесовме еден успешен закон што во РМ ќе донесе ефиаксна и способна власт да ги реши сите проблеми. Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Стојанвоски Томислав.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван потретседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници, еве не при крајот од комплетирањето на изборната регулатива. Стана збор за одредени контакти со полиутички субјекти- Евидентно дека, како што изнесоа неколку мои колеги од, условно земено помалите политички субјекти, не бевме доволно вклучени во целата оваа процедура зашто и со право реагиравме. Но, што да правиме, тоа е судбината на помалите, но наше е утре да бидеме поголеми и во тоа е можеби интересот и суштината на тој предизборен предизвик.

Успеавме да ја следиме оваа активност, да контактираме, по можност, со компетентни фактори и во целина како Демократска партија на Македонија можеме да бидеме задоволни, затоа што оваа е веќе финале, бидејќи многу работи, многу стандарди, могу предуслови беа регулирани објективно со Законот за ибзор на пратеници и воопшто, основата на таа изборна регулатива.

Во овој дел кога веќе конкретно расправаме по еден конкретен предлог, мојата интервенција е да се види можноста две населени места што пирипаѓаат во Изборната единица 61 тоа се селата Фалиш и Сараќиново, што се во непосредна близина на Тетово, да се види можноста да бидат во Изборната единциа во Тетово, затоа што и со територијалната поделба на единици на локална самоуправа овие две населени места се приклучени кон Тетово, што дава одредени позитивни резултати, затоа што на некој начин овие две места се специфични. Непосредно се до градот Тетово, а практично влијанието и на централната власт и на политичките структури, па ако сакате и на она што значи контакти на пратеници со овие две населени места во досегашното искуство не дадоа некои особено позитивни резултати.

Сметам дека е по рационално и дека овие две населени места ќе можат да обават контакти со својот претставник и воопшто пратеникот, буидејќи се работи за околу 1.200 .гласачи. Мислам дека ова поместување воопшто не го нарушува критериумот на плус или минус 10% во однос на она што претставува просечна застапеност на бирачи во единиците на односно овие изборни единици.

Мислам дека јас ќе интервенирам и со амандмани и мислам дека овој предлог ќе треба да се прифати. Еве, благодарам, јас само толку.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Кире Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Г-дине потпретсдателе, господине министре, колеги пратеници, овој закон со кој на некој начин ќе ја затвориме законската регулатива во врска со изборите, односно ќе се подготвиме сите заеднио и како пратеници и досегашни и активности во партиите да се појавивме на изборите на есен.

Што се однесува до делот на предлагањето на законот, во принцип очигледно дека е вложен голем труд во делот на припремата на законот во делот на приготвување на изборнтие единици, затоа што сепак да се ускладат толку бројки и сето тоа да се вклопи во тие бројки што тука постојат како лимит од плус или минус 10%, требаше доста работа.

Би поставил едно принципиелно прашање што сигурно ќе тежи и би сакал по можност да добијам и одговор.

Имено, во делот на битолската општина бивша или општините што произлегоа од битолската општина, просекот на гласачи по гласачко место е преку 18.000, односно некаде 18.600. Истиот просек, дури и поголем е во општините кои припаѓаат во бившата прилепска општина. Сега, моментално, со овој Предлог - закон во бившата битолска општина, општините што произлегоа од битолската отштини се даваат шанси да само 5 пратеници, додека во прилепската се даваат да бидат само 4 пратнеици. Значи, на тој регион вкупно 9 пратеници.

Прашувам, дали Минситерството не можеше да најде засходно, односно предлагачот просекот од 18.700 или 17.800, скоро 19.000 колку е, го намали за малку и да се добие уште една изборна единциа?

Математички гледано е сосема можно и сосема реално, уште повеќе што на тој простор живеат пристоен број на луѓе, уште повеќе што просекот на бирачи во изборните единици во општина Центар и општина Карпош е некаде околу 16 и нешто илјади жители. Така што имаше простор таму да се зголеми. Во тие општини просекот е 17.100. Доколу просекот на општините Карпош и Центар од 17.00 0 се покачеше на 18.000, многу лесно ќе се ослободеше простор за уште едно пратеничко место да се додели во општини каде што навистина треба да се додели. Сепак мислам дека Битола и Прилеп се разбира не заслужуваат такво потценување и таков однос, со толкав мал број на пратеници бидат претставени во овој дом.

Друга е прикаската доколку СДС се плаши од Битола моментално па на секој начин настојува да го намали бројот на пратеници, што е многу реално за очекување.

Затоа, поставувам принципиелно прашање, дали се гледаше можноста и варијантата и на провинцијата, бидеајќи навистина сега Битола ја туркаме во провинција и се даде шанса да опстојува и да биде, колку толку по рамноправно застапена во овој дом во идниот состав?

Многу мие жал што овој закон веќе го гледаме во конечна верзија. Делот на Битола што беше даден во првата верзија, тука е предложен со многу мали измени.

Благодарам на господинот министер што прифати една од сугестиите навистина уфрлени отстрана од другите изборни единици ги тргнале, но сепак и во овој облик како што е сега имаме пресекување на две изборни единици. Имаше многу добра можност, тоа го дадов како предлог и до г-динот минситер и во табеларна форма и во графичка, да се добијат навистина компактни, многу јасно изразени изборни единици што во основа ќе користеа и на гласачите и на битолчани. Во овој случај навистина имаме конкретна изборна единица 30 што се прогтега по целата должина на Битола, од почетокот на Битола Гинимаале, па стигнала се до горе, до Нова болница, кажано по нашински жаргон.

Мислам дека требаше да се изнајдат сили тоа да се корегира, посебно што вложивме труд и до дадовме како гоитова верзија до предлагачите да го видат и да го апсолвираат.

Ќе искористам можнсот од оваа говорница да го запрашам г-динот министер за уште нешто што можеби не е толку во директна врска со овој закон, но е во мнгу тесна врска со изборите. Во тек е дистрибуција на избирачките легитимации. Би сакал да добијам појаснување од господинот минсиер колку избирачки легитимации се печатени, дали толку колку што е бројот 15.332.000 или колку, како ќе се дистрибуираат, како ќе се има евиденција во тие легитимации што нема да бидат доставени, каде се тие легитимации, како ќе се има евиденција во тие избирачки легитимации што се однесуваат на лица кои се живи а живеат долги години во странство, дали се примени или не се примени, кај кого се и уште едно многу битно прашање, што е навистина многу битно прашање, многу тежи:

Што се случува со тоа што во последно време во оптек се јави добар број на избирачки легитимации - бланко. Ги има. Тука. се. Што значат тие?

Ова што го зборувам не го зборувам бадијала (од џебот вади и покажува во едната рака бланко - избирачка легитимација, а во другата рака легитимна избирачка легитимација прашувам што тоа значи и би сакал навистина на оваа тема да слушнам појаснување од г-динот министер од ресорното министерство, бидејќи оваа бланко - избирачка легитимација за мене многу кажува. Што значат тие, кога јас ја имам како опозиција, прашувам што тоа значи и не без причина го прашувам. Ова кажува многу и за сите нас во Парламентот, посебно затоа што подготовката на редовната избирачака легитимација е само со штампање. Нема печати, нема својрачен потпис. Ве убедува со оваа технологија што сега постои, не е воопшто проблем во било кој дом од оваа да се стигне до легитиманта легитиамција. Ова е регуларно добиена легитимација по пошта. Другава бланко, добиена е по други канали. Воошто не е проблем од еднава да се стигне до другава со обична домашна техниологија, најобичен ласерски печатар.

Би сакал на оваа тема да добијам појаснување. Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Има збор г-дин Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Господине потрептседателе, почитувани пратеници, еве конечно се приближивме кон донесување на сите норамтивни акти неопходни за одржување на наредни парламентарни избори. Како што е познато, навистина веќе доцниме, но како што вели нашиот народ никогаш не е доцна, бидејќи изборите се во октомври. Сепак го фаќаме поселдниот воз за донесување на овие закони и покрај тоа што е познато дека ние, како ЛДП се залагавме да биде донесен законот во една фаза, меѓутоа во секој случај, мислам дека денеска би требале да ја завршиме оваа работа, бидејки одложувањето на овој закон и понатаму би имало несогледливи последици во врска со нормалното одвивање на изборите.

Сосема накусо би се осврнал на некој одредби од законот. Добро е што е предвидено дека најдоцна во рок од 30 дена пред денот определен за избори ќе ги објави описите на изборните единици утврдени со овој закон Државната изборна комисија. Јас верувам, можеби и министерот ќе појасни, ова ќе биде многу порано, нема да се чекаат последните рокови, бидејќи описите ги

имаме и тоа може буквално веднаш во рок од неколку дена од донесувањето на овој закон да се објават тие описи со бројки и да бидат усогласени.

За жал, остана едно прашање што сите вруваме дека ова е вака како шгго е напишано во законот. Се поставува прашање кој орган би можел, ако се утврди по добивање на овој закон, пробивање на плус или минус на 10% некаде во некои изборни единици, дали Уставниот суд или некој друг орган. Таков орган немаме предвидено и останува политички договор да се прави, бидејќи тој инструмент не е внесен овде.

Во поглед на одредени забелешкио на законот од претходните фази, би можел да кажам дека е ова IV фаза, имаше разговори пред Предлогот за донесување на овој закон гкжеѓу политичките субјекти. Дефакто, не е II фаза. Сега, можам да кажам за забелешктие на мојата партија дека еден дел се прифатени.

Останува наша дилема околу месноста Крушопек во општина Сарај, а останува во општина Карпош, како една од битните забелешки и јас би кажал дека, веројатно е грешка, јас мислам дека амандмански ќе се исправи, во Изборната единица 71 се надминува оваа бројка од 20.000 што е лимитирана, а со префрлање на само едно избирачко место ќе се усогласи. Сите ние тргнуваме од локални побуди односно од побуди што е сосема нормално, на нашите гласачи, побуди на она население каде живееме. И во оваа можност пак би повторил дека општина Кисела Вода со овој закон е нај обесправена. Во која смисла?

Во таа смисла што има 5 изборни единици со околу 100.000 гласачи и сите се на самиот максимум. За разлика од другите општини во Скопје кој имаат 15 - 16.000. Тоа е тоа што остана, заложбите на пратениците на Кисела Вода од различни политички партии се барем општината да добие уште една изборна единица, за жал не успееја. Тоа е, беа спомнувани и други општини, меѓутоа горниот максимум од 20.000 е токму исполнет од Кисела Вода. Во другите општини некоја изборна единица е до максимум, некоја под, а во општина Кисела Вода е навистина таа ситуација.

Од друга страна од општина Кисела Вода беа прифатнеи некои забелешки и од претходната расправа и добро е што дел од населбата Припор припаѓа кон општината, а тоа е веќе повеќегодишно залагање на населенито од Припор да биде во општина Кисела Вода. Верувам дека групата што е формирана во наредниот Парламент ќе ги согледа сите барања за прекројување на територијаланта карта, односно за границите на општините во РМ и дека општина Припор, месната заедница Припор, населбата Припор ќе припадне во општина Кисела Вода, бидејќи е навистина блиску до неа. Добро е што населбата Пинтија не е во општина Студеничани, туку остана во општина Кисела Вода.

Само на крајот би кажал исто така законот се донесува и треба да се донесе, мислам дека ќе има голема поддршка, меѓутоа, останува друго прашање нормата ако се донесе, ако не се оствари онака како што треба значи треба реализацијата на овој закон да биде таква што ќе елиминира секаква недоверба меѓу политичките субјекти особено меѓу позицијата и опозицијата и на тој план треба да работиме и по донесување на овој закон и особено со тоа што сега сеуште е рано да се оцени акцијата околу доделувањето на изборните легитимации, меѓутоа јас мислам дека околу тие изборни легитимации ќе се забрза процесот, ќе има дополнителни ангажмани на Министерството за правда и пред доделување да се проверат уште еднаш избирачките списоци, бидејќи имаме појави на пример јас би рекол во населбата Драчево на улица Сердарот, односно еден дел кој се вика потстаница каде доста луѓе не се во избирачкиот список, а добиле изборна легитимација да гласаат на таканаречената ИГМ "Партизанка" гласачко место, а одреден дел се запишани на изборен список да гласаат во месната заедница на село Драчево, а избирачките легитимации да им гласат на ИГМ "Партизанка" и некои случаи можеби е добар пример да се појасни дали малолетните лица можат да влезат во избирачки список само со денот на наполнување на 18 години или ако се очекува дека наскоро ќе наполнат 18 години можат да бидат на избирачки список, бидејќи исто така во оваа населба забележавме неколку души кои се малолетни, а ги има на избирачки список.

Еве јас толку, а министерот треба да даде некои појаснувања во врска со овие искажувања.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Има збор г-динот Ѓорѓи Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Јас немав намера да говорам, меѓутоа, исклучително се јавив во врска со излагањето на г-динот Видимче, во врска со избирачката легитимација и по кажувањето дека постои бланко избирачка легитимација.

Прво, фалсификувањето на избирачката легитимација е забрането со закон. На секоја од избирачките легитимации тоа го пишува.

Второ, избирачките легитимации се правени на специјално заштитена хартија на која има тројна заштита, која всушност не е возможно да се направи во било која друга печатница освен во печатницата за изработка на пари, во која се печатени овие избирачки легитимации.

Трето, оној кој всушност би можел да дојде до бланко избирачка легитимација, тоа значи дека од онаа количина што се печатени избирачка легитимации се чуваат под посебен режим на заштита во Републичкиот завод за статистика, би требало покрај тоа што има таква бланко легитимација за да може неа да ја злоупотреби, треба да го фалисификува дополнително печатот на Министерството за правда и мојот потпис, кој е аплициран на секоја од овие избирачки легитимации.

Четврто, избирачката легитимација сама по себе нема да биде доволна да се гласа, туку таа ќе се употребува со личен документ и при гласањето се става печат, се заокружува на местото каде е искористена избирачката легитимација и последно при пополнувањето на секоја избирачка легитимација се става и специјален број по кој точно е одбележано и точно се знае дали избирачката легитимација е основната која е издадена или заради изгубена избирачка легитимација е издаден дупликат, односно по процедурата која е предвидена за измена.

Верувајте ми направено е се за да не постои можност да биде злоупотребена избирачката легитимација. Можни се два начини некој да дошол до бланко избирачка легитимација. Тоа е да биде злоупотребен моделот на чување на избирачките легитимации, ако е оригинален тоа значи ако е вистинската избирачка легитимација, а што малку ми се верува, што е исто така кривично дело и подлежи на казна затвор најмалку 3 години и втората работа можно е да се добие слична ваква избирачка легитиамција која всушност не е оригинална, затоа што Министерството за правда со оглед на тоа што избирачките легитимации ги порачуваше на јавен тендер побара од неколку печатница да ни изготват модел на избирачки легитимации кој не е печатен на овој вид заштитена хартија, како што е избирачката легитимација во Министерството за правда.

Според тоа, јас сум длабоко убеден дека просто манипулации со бланко избирачки легитимации не се возможни и дека фалсификатот направен на бланко избирачка легитимација не само што е тешко казниво дело, туку е просто невозможно, затоа што е потребно најмалку уште три фалсификати да бидат направени за да може таа да биде искористена во текот на изборите. Меѓутоа, тоа го кажав затоа што популацијата која го гледа овој телевизиски пренос да биде во тек, дека е тешко возможно да се злоупотреби избирачката легитимација, без оглед на тоа некој во тоа можеби се сомнева.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Реплика за г-динот Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Благодарам на г-динот министер за објаснувањето што го даде, но фактот дека е тука кај мене легитимацијата ќе ви кажам, можеби и кривично ќе ме гоните, јас само ќе ви кажам дека серискиот број што го спомнувате воопшто не е тешко да се напише ист број, затоа што сепак зборуваме за милион ипол вакви, тешко дека ќе може да се воспостави контрола на таквите броеви уште повеќе што тие броеви постои евиденција само во Министерството, а некаде нема да ги има по избирачки списоци, по избирачки места. Зборувам за броевите на избирачката легитимација. Тоа е прво.

Второ, вашито потпис не е автентичен, туку е штампан на тие што идат, не е рачно потпишан, туку потписот е штампан така што воопшто не е проблем за се иштампа исто таков потпис и печатот не е автентичен туку е штампан и тој затоа прашав за овој и вториот дел, делот на доставувањето односно имајќи ги избирачките списоци јасно се има во предвид дека има добар дел од граѓаните кои се отсатни од Македонија, кои не живеат долги години во Македонија, има умрени граѓани на Македонија на списоците и затоа ве прашувам за дополнителни објаснувања како се замислува дел од тие избирачки легитимации, за кои луѓето не се тука физички, ги нема подолго време, каде ќе се вратат, кој ќе има евиденција колку се вратени, каде се вратени, бидејќи и тоа е дел што го оптоварува сето ова.

Јас би ве прашал како вие ги дадовте овие избирачки легитимации бланко, а јас ќе ви кажам како ја добив, бидејќи ова е дадена од тие што ја печатат. Како ја дадовте вие јас ќе викажам како ја добив воопшто нема проблеми во секој случај факт е дека постои. Ова со најдобра намера го кажувам не сум го правел и немам намера да го правам сам сум го добил, тука во Скопје ја добив спрема тоа постои, реалност е. Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Мевљан Таири поднесе амандман на член 3 став 1 во Изборна единица број 83 и 84, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Мирко Пецов поднесе амандмани на член 3 во Изборната единица број 1, на член 3 за менување на текстот на Изборната единица број 3 и на член 3, Изборна единица број 5 и истите се повлечени.

Пратеникот Назми Маљичи поднесе амандмани на член 3 за менување на текстот на Изборната единица број 15, член 3 за менување на текстот на Изборната единица број 17, член 3 за менување на текстот на Изборната единица број 18, член за менување на текстот на Изборната единица број 19 и на член 3 за менување на текстот на Изборната единица број 20, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Здравко Стојковски и Александар Јакимовски поднесоа амднмани на член 3 на Изборната единица број 2 и на член 3 на Изборната единица број 3, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Љубисав Иванов, Бранко Арсовски, Јован Лазаров, Мирко Пецов и Мирко Лазаревски поднесоа амандмани на член 3 за менување на текстот на Изборната единица број 1, член 3 за менување на текстот на Изборната единица број 2, член 3 за менување на текстот на Изборната единица број 3, член 3 за менување на текстот на Изборната единица број 5, член 3 Изборна единица број 5, член 3 Изборна единица број 19, член 3 Изборна единица број 20, член 3 Изборна единица број 82, член 3 Изборна единица број 83, член 3 Изборна единица број 84, член 3 Изборна единица број 85, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Ристо Николовски и Петар Талимџиоски поднесоа амандмани на член 3 за менување на текстот на Изборната единица број 35, член 3 за менување на текстот на Изборната единица број 36 и на член 3 за менување на текстот на Изборната единица број 37, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Славко Котевски поднесе амандмани на член 3 на Изборната единица број 33 и на член 3 на Изборната единица број 34, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на текстот на Изборната единица број 1, поднесен од пратениците Љубисав Иванов, Бранко Арсовски, Јован Лазаров, Мирко Пецов и Мирко Лазаревски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (2).

Ве молам, да констатираме колку пратеници има присутни. 38 пратеници има во салата.

Ги молам службите да ги повикаат пратениците да влезат во салата. Гласањето не важи.

Давам пауза до 16,30 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,05 часот). (По паузата).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи е заклучен претресот по амандманот 1, амандманот го ставам на гласање.

Да ве потсетам тоа е амандман на член 3 за менување на текстот на изборната единица број 1 поднесен од пратениците Љубиса Иванов, Бранко Арсовски, Јован Лазарев, Мирко Пецов и Мирко Лазаревски.

Амандманот го ставам на гласање.

За збор процедурално се јави г-динот Пецов.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Овој амандман е во функција на Изборната единица бр. 3 - Виница и мислам дека оваа Изборна единица бр. 3 со овие амандмани во прилог на оваа изборна единица е со цел да се добие Изборната единица 3 да биде општина Виница, Блатец и Зрновци.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Пецов претресот е заклучен.

Вие можете да кажете како ќе гласате и зошто така ќе гласате.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Да, ќе гласам за амандманот, бидејќи се овозможува една природна гоеграфска и територијална поврзаност на населението и традиционално овие три дела би биле заедно и така предлагам да бидат пак заедно. Благодрам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој е за предложениот амандман, да крене рака. 4 пратнеици гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на текстот на Изборната единица бр. 2, поднесен од пратениците Љубисав Иванов, Бранко Арсовски, Јован Лазаров, Мирко Пецов и Мирко Лазаревски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 3 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 на Изборната еди-ница бр. 2, поднесен од пратениците Здравко Стојковски и Александар Јакимовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Стојковски Здравко има збор.

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислев дека министерот ќе го прифати амандманот, па се надевам дека сега тоа ќе го направите вие. Од проста причина што се работи за две села, првото селото Дулица под избирачко место 0613, каде што и досега беше ова избирачко место во составот на Каменица и двете Цери, односно селото Цера кое се состои две избирачки места 0617 и 0618, од причина што и двете гравитираат кон Македонска Каменица и од гледано од финансиско аспект и од комуникативен и од она што тие постојано своите обврски си ги подмируваат тука, мислам дека ќе беше многу подобро овие две единици, избирачки места да бидат во составот на Делчево. Да напоменам и тоа дека квотата од максимум и минимум исто така не се нарушува, т.е. ако овие две села се вметнат во изборната единица Делчево ќе брои 20 илјади 037 гласачи, а оваа другата од каде што се земаат овие села ќе биде 17 илјади и 324 гласачи. А и желбата на овие месни заедници е да остане под Изборна единица број 2 т.е. под Делчево, што мислам дека е доволно образложението, вие овој амандман да го прифатите. Благодарам

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? 6 пратеници гласа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на текстот на Изборната единица број 3, поднесен од пратениците Љубисав Иванов, Бранко Арсовски, Јован Лазарев, Мирко Пецов и Мирко Лазаревски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? 3 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 на Изборната единица број 3, поднесен од пратениците Здравко Стојковски и Александар Јакимовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? 3 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на текстот за Изборната единица бр. 5, поднесен од пратениците Љубисав Иванов, Бранко Арсовски, Јован Лазарев, Мирко Пецов и Мирко Лазаревски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Предлагачите го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на текстот на Изборната единица бр. 15, поднесен од пратеникот Назми Маличи.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг  бара зоор? (Никој).

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? 9 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3, Изборна единица бр. 15, поднесен од пратениците Љубисав Иванов, Бранко Арсовски, Јован Лазаров, Мирко Пецов и Мирко Лазаревски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г.дин Ласзаров.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Овде се работи само за измена на две села од Изборната единица број 15 во Изборната единица бр.18 во Куманово односно Кратово.

Не менува суштински ништо и затоа предлагам да се прифати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали уште некој бара збор  (Никој).

Бидејќи повеќе никој не бара збор го заклучвам претресот и амандманот го ставам на гласање.

3 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на текстот на Изборната единица бр. 17, поднесен од пратеникот Назми Маљичи.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 10 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на текстот на Изборната единица број 18, поднесен од пратеникот Назми Маљичи.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 8 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на текстот на Изборната единица број 19, поднесен од пратеникот Назми Маличи.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој  друг бара збор? (Никој).

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 8 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвли амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3, Изборна единица број 19, поднесен од пратнеиците Љубисав Иваков, Бранко Арсовски, Јован Лазаров, Мирко Пецов и Мирко Лазаревски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Г-дин Лазаров има збор.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Овој амандман и следниот амандман кој го имаме поднесено беше во функција на оној претходниот кој не беше прифатен, така што сега е безпредметен и тие два амандмани ги повлекуваме.

Отоврам претрес по амандманот на член 3 за менување на текстот на Изборната единица број 20, поднесен од пратеникот Назми Маличи.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 8 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Станува збор и за Изборната единица број 20.

Дали г-дине Лазаров го повлекувате амандманот. (Да).

Значи, овој  амандман е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 3 на Изборната единица број 33, поднесен од пратеникот Славко Котевски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Котевски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 на Изборна единица 3 и 4, поднесен од пратеникот Славко Котевски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 8 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на текстот на Изборната единица број 35, поднесен од пратениците Ристо Николовски и Петар Талимџиовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Г-дин Николовски има збор.

**РИСТО НИКОЛОВСКИ:**

Образложението по овој предлог амандман би се однесувало и за амандманот за Изборна единица 36 и 37. Уште на комисиската расправа од страна на министерот бевме убедувани дека при изготвувањето на изборните единици е почитуван принципот на територијална компактност на изборите на изборните едници, што овде очигледно не е сторено. И јас се обидов да направам, еден графички приказ, кој ќе може по конкретно и по прегледно да се види дали при изготвувањето на Предлогот на законот е почитуван овој принцип. Јас би ви ги покажал и вака изгледаат изборните единици во општина Прилеп 35 и 36 според Предлог законот.

Во него гледаме дека тука има од една изборна единица, боите ги означуваат изборните единици, префрлано во соседна изборна единица каде што она правило на територијална компактност воопшто не е почитувано. Исто така ги гледаме и овие плави полиња каде што се отскокнувани од другите изборни единици, со што би рекол дека овој принцип само декларативно е означен, а според предлогот изборните единици би изгледале вака: (го покажува прегледот на изборните единици пред пратениците). Во кој тој принцип е потполно запазен, а од друга страна е запазен и принципот за изедначување на изборната моќ на изборната единица, со оглед на бројот на гласачи односно избирачи што секоја изборна единица би ги имала. Конкретно, според овој предлог за измени и овие амандмани во изборна единица 35 би имало 20 илјади и 64 избирачи. Изборна единица 36 19 илјади и 980 и Изборна единица број 37 20 илјади и 30 избирачи. Што значи е многу приближен бројот на избирачите во секоја изборна единица, при што со овој предлог амандманот, односно со трите амандмани би се запазиле двата основ-ни принципи кои се, би рекол, само декларативно назначени во предлогот на законот. Толку за амандманите.

Би ја искористил оваа прилика да дадам и еден предлог и имавме прилика да видиме примерок од избирачка легитимација, која за време на паузата е проверена дека е оригинална, што значи во секое време може да стои сомневањето, ако може да се најде една дека може

многу повеќе такви избирачки легитимации да се најдат, што сигурно би фрлило сомневање на вкупните резултати од изборите

Затоа би предложил и на министерот како тема за размислување за да се отстрана тие сомневања во коректноста и фер изборите што не очекуваат на есен, да се размисли за начинот на спроведување на изборите во Црна Гора, кога се користеше ултравиолетов спреј со кој и со користење на кој не може ист гласач двапати да се јави на различно избирачко место. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Спасов има збор.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Во расправата на комисијата за политички систем точно дека г-динот Николовски ги изенсе овие забелешки на изборната единица во Прилеп, па откривме дека на едно место, навистина постои нецелосна територијална поврзаност. Ние подготвивме амандман кој што му го предложивме да го предложи, за да можеме да го прифатиме. Бидејќи тој не се согласи со таквиот начин на поврзување, следниот амандман се однесува на истата изборна единица и со тоа се обезбедува целосна територијална компактност и почитување на принципот на територијалната компактност на изборната единица.

Што се однесува до другите сугестии во однос на избирачките легитимации, тоа не е тема на денешнава расправа, за тоа ќе говориме друг пат. Мислам дека избирачките легитимации апсолутно обезбедуваат она што треба да се обезбеди фер и демократски избори на.не само избирачките легитимации, туку целокупанта процедура која што е предвидена со Законот за избор на пратеници, кој што предвидува низа механизми за заштита на избирачкото право. Ниту една држава во светот не е обезбедена од можни фалсификати. Јас не велам дека и тука некој голем мајстор неможе да направи фалсификат, меѓутоа јас за тоа велам дека е кривично дело.За секој тоа што ќе го стори е определена висока казна затвор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Николовски.

**РИСТО НИКОЛОВСКИ:**

Точно е дека ни беше предложен таков амандман во кој ништо битно не би се променило, станува збор за изборно место со 500 гласачи, меѓутоа, каде се другите префрлања и прескокнувања. Останувам на своето размислување и мислам дека и министерот на своето, бидејќи нема да се прифати овој амандман, но факт е дека не е испочитувано ова што како принцип е наведено, а темата околу изборните легитимации мислам дека е во оваа постапка на носење и заокружување на системот на закони потребни за спроведување на изборите актуелно , додека не се спроведат изборите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 10 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на текстот на Изборната единица број 36, поднесен од пратениците Ристо Николовски и Петар Талинџиоски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 8 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Молам некој од службите да го исфрли овој мобилен телефон.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на текстот на Изборната единица број 37, поднесен од пратениците Ристо Николовски и Петар Талинџиоски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Г-дин Николовски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 Изборна единица 82, поднесен од пратениците Љубисав Иванов, Бранко Арсовски, Јован Лазаров, Мирко Пецов и Мирко Лазаревски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за, молам да крене рака? 3 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 Изборна единица број 83, поднесен од пратенциите Љубисав Иванов, Бранко Арсовски, Јован Лазаров, Мирко Певоц и Мирко Лазаревски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

Г-дин Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 3 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворм претрес по амандманот на член 3 став 1 во Изборна единица број 83 и 84, поднесен од пратеникот Мевљан Тахири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

Г-дин Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам!претрес по амандманот на член 3 Изборна единица број 84, поднесен од пратениците Љубисав Иванов, Бранко Арсовски, Јован Лазаров, Мирко Пецов и Мирко Лазаревски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

Г-дин Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 3 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворм претрес по амандманот на член Изборна единица 85, поднесен од пратениците Љубисав Иванов,Бранко Арсовски, Јован Лазарев, Мирко Пецов и Мирко Лазаревски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

Г-дин Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Го повлекуваат предлагачите. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Во меѓувреме, пратениците Рубинчо Белчевски, Јордан Божиновски, Алил Џаферовски и Димче Настовски, поднесоа амандман на член 3 за на изборната единица број 35 член 3, на Изборната единица 36 и на член 3 на Изборна единица број 37, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Илија Гоцевски и Кирил Спасовски, поднесоа амандман на член 3 на Изборната единица број 64 на член 3 на Изборната единица број 65, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Зоран Шапуриќ, поднесе амандман на член 3 Изборна единица број 66 и 71, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Сали Рамадани, поднесе амандман на член 3 Изборна единица број 39, 40, 41 и 42, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Назми Маљичи, поднесе амандмани на член 3, на Изборната единица број 15, член 3 Изборната единица 18 и Изборна единица 19, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Љубисав Иванов, Бранко Арсовски, Јоаван Лазаров,Мирко Пецов и Мирко Лазаревски, поднесоа амандман на член 3 Изборна единица број 1, Изборна единица број 2 и Изборна единица број 3, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Зоран Шапуриќ и Димитар Трпеновски, поднесоа амандмнаи на член 3 на Изборната единица број 44 и Изборна единица број 46, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 Изборна единица број 1, поднесен од пратениците Љубисав Иванов, Бранко Арсовски, Јован Лазарев, Мирко Пецов и Мирко Лазаревски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

Г-дин Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-дин Пецов.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

И друга една алтернатива, покрај Виница, Блатец и Зрновци беше одбиено, сега имаме нов амандман каде предлагаме Виница, Блатец и Оризари да бидат заедно, односно со првиот амандмна Блатец и дел од Виница да не припаднат на Берово, туку Берово да земе од Делчево.

Мислам дека е тоа логична целина и добра спрема нас и бараме амандмано да биде прифатен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (3)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандмнаот на член 3 Изборна единица број 2, поднесен од пратениците Љубисав Иванов, Бранко Арсовски, Јован лазарев, Мирко Пецов и Мирко Лазаревски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе
Г-дин Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагачите го повлекуваат амандманот. Благодарам.

Отворам претрес по амандмнаот на член 3 за менување на текстот на Изборната единица број 3, поднесен од пратениците Љубисав Иванов, Бранко Арсовски, Јован Лазарев, Мирко Пецов и Мирко Ла заревски.

Пратениците го повлекуваат и овој амандман. Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 3 на Изборната единица број 15, поднесен од пратеникот Назми Маљичи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе
Г-дин Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Маљичи.

**НАЗМИ МАЉИЧИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани пратеници. Овде се работи само за две Избирачки места 1097 и 1098 село Романовце кое логички му припаѓа да се поврзе со овие принципи што ги наброивме, да не ги повторувам, за поврзуваше на едно изби-рачко место со изборната единица за една поврзаност на населението во наведената изборна единица во еднаквост на избирачка моќ и една комуникациска поврзаност.

Фактички амандманот 1, 2 и 3 кои се предложени целиот предлог за измена е само село Романовце, со можност да се поврзе со Изборната единица број 18. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не).

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (7).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 на Изборната единица број 18, поднесен од пратеникот Назми Маљичи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе
Г-дин Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (2).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 на Изборната единица број 19, поднесен од пратеникот Назми Маљичи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе
Г-дин Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој  е за, молам да крене рака? (2).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворма претрес по амандманот на член 3 на Изборната единица број 35, поднесен од пратениците Рубинчо Белчески, Јордан Божиновски, Алил Џаферовски и Димче Настески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

Г-дин Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Со овој амандман се обезбедура онаа територијална компактност за која зборуваше пратеникот Николовски, амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 3 на Изборната едниница број 36, поднесен од пратениците Рубинчо Белчески, Јордан Божи-новски, Алил Џаферовски и Димче Настески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

Г-дин Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 3 на Изборната единица број 37, поднесен од пратениците Рубинчо Белчески, Јордан Божиновски, Алил Џафероски и Димче Настоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

Г-дин Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа, бидејќи со овие три амандмани на трите изборни единици се добива територијалната компактност.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 3 Изборни единици број 39, 40, 41, 42, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

Г-дин Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор, г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Освен тоа што е речено во образложението дека со овој амандман доаѓа во согласност со основни начела на еднаквоста на гласот на секој избирач, еднаквост на изборната моќ на секоја изборна единица природно географската, територијалната, економската поврзаност на населението и тоа од многу стручен карактер, студиозен и како што во моето излагање наведов дури се оди на штета на мојата изборна единица, каде добив мнозинство гласови кои ги поместувам во број 40 изборна единица и кога би знаел претставникот на Владата каде се нашле овие места или кога би се кандидирал сам, да речеме Изборна единица број 39 и 40, па да оди од Србиново преку планини до своите избирачи, а јас би го поддржал да се кандидира таму и да оди од Владата, друго ништо не правам, туку во Изборна единица 39 само поместувам, заменувам Житоше кое сака да биде во број 40, сум разговарал со луѓето и Вранештица која е поблиску и повеќе поврзана во секој поглед.

Понатаму, Србиново кое беше поделено како општина, а се знае зошто, со две избирачки места во мојата изборна единица, а поблиска беше Зајас, тогаш 4 односно 5 избирачки места

одат во Брод, а јас ништо друго не направив, туку од туѓа општина и од туѓа бивша општина заедничка ги поместувам во мојата изборна единица, а од мојата земам на моја штета,на штета на моите избирачи така што од таму од Длапкин Дол избирачко место, па Грешница моето родно место, па Бач, Речани ги поместувам, а доаѓаат луѓе од Гостивар, исто така каде бев на прво место како што се избирачките места Гарван, Стрелци и Стрмница, исто така ги поместувам и ова е многу жалосно, за мене е подобро да не се прифати и да барам други патишта да имам можност за кампања, за поголеми критики, туку е тоа во полза на Владата и токму на владеачката партија. Меѓутоа, кога луѓето не сакаат, јас совесно го изработив и мислам дека е на место.

Јас ќе гласам за тој закон, реално, објективно, ако не се гласа за мене подобро па како што завршивте со овој мандат нека биде и овој пат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставмана гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (6).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандмацот на член 3, Изборна единица број 44, поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ и Димитар Трпеновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 3 Изборна единица број  46,  поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ и Димитар Трпеновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 3 на Изборната единица број 64, поднесен од пратениците Илија Гоцевски и Кирил Спасовскк

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 3 на Изборната единица број 65, поднесен од пратениците Илија Гоцевски и Кирил Спасовск

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 3 Изборна единица број 66 и 71, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Ве молам внимавајте да не ги измешата амандманите.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Благодарам. Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот.... или имаме уште. Аман, престанете.

Во меѓувреме, Ве молам, пратеникот Славко Котевски поднесе амандман на член 3 Изборна единица број 33 и на член 3 Изборна единица број 34, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандман на член 3 Изборна единица 57, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 Изборна единица поднесен од пратеникот Славко Котевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

Г-дин Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 3 Изборна единица број 34, поднесен од пратеникот Славко Котевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

Г-дин Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 3 Изборна единица број 57, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор, г-инот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас го навестив овој амандман имено, се работи за нај специфичната можеби изборна единица, со право, со должина од некаде 45 км, каде има своја логичност, бидејќи најголемито дел од населените места се концентрирани околу трите новоформирани општини Вратници, Јегуневце и Брвеница.

Овие две избирачки места, а тоа се две села на приодот кон Тетово практично се во локалната самоуправа Тетово и мислам дека треба да припаднат на изборната единица Тетово, затоа тшо практично не може да се комуницира со овие две населени места. Тие вештачки се тука штрчат и колку ќе имаат проблем граѓаните, уште поголем проблем ќе има евентуално избраниот пратеник, да не може фактички да комуницира. Впрочем, граѓаните реагираа и досега, тие беа задоволни што со Законот за територијална поделба припаднаа кон општина Тетово и мислам дека сека таа логика во тоа размислување, во тоа расудување, во таа концепција за хомогеност географска, територијална, урбана целина ја постигнуваме ако овие две избирачки места се припојат кон Изборната единица Тетово или број 57.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи повеќе никој не бар азбор, го заклучувам претресот и амандманот го ставамна гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Пратеникот Мирко Пецов поднесе амандмани на член 3 Изборна единица број 1 и на член 3 Изборна единица број 3, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Амди Бајрам поднесе амандман на член 3 Изборна единица број 82 и 85, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 изборна единица број 1, поднесен од пратеникот Мирко Пецов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 3 Изборна единица број 3, поднесен од пратеникот Мирко Пецов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

И овој амандман се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 3 Изборна единица број 3, поднесен од пратеникот Мирко Пецов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 3 Изборна единица број 82 и 85, поднесен од пратеникот Амди Бајрам.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор, г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Бидејки се работи за изборната единица општина Шуто Оризари, општината Шуто Оризари брои над 14 илјади гласачи. Споени сме со општи ните Чучер, Мирковци и други, кои се 5.200 со селата, а ние сме градска општина, па бидејки над 19 илјади избирачи сме дадовме предлог за измена, но ништо од тоа, остана по старо, па јас предлагам со овој мој амандман околу 2 илјади избирачи да се префрлат во општината Чучер, Мирковци, а за општина Шуто Оризари да останат околу 17 илјади гласачи.

Мислам дека би требало овој амандман да се прифати, затоа што ние немаме ниедна друга изборна единица каде што може да биде избран ром. Затоа што ова е единствена општина каде што може, бидејќи во општината Шуто Оризари секогаш излегуваат околу 5 илјади до 5.500 гласачи, иако има околу 14 илјади гласачи. Никогаш немало 7 илајди избирачи да излезат на избори.

Затоа предлагам да се прифати овој амандман, а од општината Чучер Сандево што се префрлува во Шуто Оризари за да се расподели таму по мојот амандман 2.000 и нешто, половина да останат во општина Шуто Оризари а пола да останат таму што додавам со Мирковци и тоа другото. Мислам дека би било по корисно да биде така како што сум предложил, подобро за сите и потребно е и мислам дека секогаш имало Ром претстставник во Паралентот да се овозможи да може да биде Ром, затоа што како што знаете како што има кај вас по пет, шест партии од секаде така и кај нас кај ромите ќе има еден раздол нормално од пет, шест

иљјади гласови кога ќе ги поделиме знаете што може да се деси. Заради таков интерес, во интерес на државата да има претставник Ром, предлагам овој амандман да се прифати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (20 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амаднманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Процедурална интервенција за господин Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Со оглед на тоа што со ова гласање ќе го затвориме делот на изборните закони и ќе се пуштиме сите во изборната трка како што сите викаме почна предизборната кампања, јас би сакал да кажам дека ке го поддржам законот и покрај тие пропусти кои беа заеднички констатирани и покрај тоа што во Законот некаде во Битола се одземени околу 600 до 700 гласачи неевидентирани, иако избирачките списоци ги има, бројките како што сега во законот не се совпаѓаат со тие и со желба да наесен сите заеднички ги истераме овие избори и би сакал само да го потсетам господинот министер дека за ова избирачка легитимација за која разговаравме ги има сите заштитни симболи, сите заштитни знаци и беше многу невкусно од колеги пратеници кои тука се заканувaа со затвор или со кривични пријави. Али тоа е тоа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ова не е деловничка интервенција, Ве молам.

Немојте да ја злоупотребувате говорницата.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (65 пратеници).

Дали некој има против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (4 пратеници).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изборни единици за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија). (Аплауз).

Со ова дами и господа пратеници се создадени сите услови да се оди на редовни парламентарни трети по ред избори во Република Македонија.

Минуваме на точката 10 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за избирачките места, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на.работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Има збор господинот Ѓорѓи Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани пратеници, измената на Законот за избирачките места и избирачката легитимација се состои во тоа што предлагаме во согласност со моето ветување за време на расправата по Законот за избор на пратеници, дека ќе го измениме зборот "проѕирни кутии" со што се создаваат услови изборните кутии да не бидат проѕирни. Како што знаете за време на локалните избори кога се донесуваше Законот за избирачките места и избирачките легитимации, опозицијата бараше избирачките кутии да бидат проѕирни со оглед на тоа што се сомневаа дека во непрозирните кутии можат да се најдат вишок на избирачки ливчиња. Тогаш беше обезбедено тоа.

Мвѓутоа, за време на расправата по Законот за избор на пратеници, неколку пратеници од опозицијата меѓу другото споменаа дека прозирните изборни кутии не ја обезбедуваат во доволна мера тајноста на гласањето и дека постои можност со прозирните кутии да се чита кој, како заокружил, или меѓу првите ливчиња постоела можноста да се отворат и да се открие тајноста на гласањето, бидејќи не го обезбедувало тогаш јас ветив дека ќе направиме измена во Законот за избирачките места, со што зборот "прозирни" ќе се избрише. И сега ви предлагаме овој пат да се избрише зборот "прозирни", тоа значи избирачките кутии да останат од тврд материјал и затемнети и да обезбедиме дополнителен услов за тајноста на гласањето.

Се надевам дека на тој начин одиме во пресрет на барањата од опозицијата и дека ја зголемуваме меѓусебната доверба за одржување на фер и демократски избори во Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги, би сакал да го изнесам следниот став на ЛДП. Прво, многу сме изненадени од тоа како Министерството односно Владата на Република Македонија ја пласираше во јавноста информацијата зошто предлага измени и дополнувања на овој закон.

Според информациите што ние ги и имаме за расправите во 1996 година и тогашните разговори што ги водевме со тогашниот министер за правда и според разговорите и дискусијата која се водеше овде во Собранието за донесување на Законот за избор на пратеници, колку што ние знаеме ниедна опозициона партија во Република Македонија, а ЛДП дефинитивно воопшто нема барано избирачките кутии да бидат затемнети. Тоа едноставно не е вистина, затоа што изворниот став на ЛДП и на другите опозициони партии беше избирачките кутии да бидат прозирни, меѓутоа гласачките ливчиња пред да се уфрлат во кутијата за гласање да се стават во коверт за да се гарантира тајноста во гласањето од една страна, а од друга стран да може да биде транспарентно воден целиот изборен процес за да се избегне секоја манипулација за претходно полнење на гласачките кутии. Едноставно не држи ставот што го пласираше преку средствата за информирање Владата на Република Македонија, дека на овој чекор се одлучила на барање на опозицијата.

Втората алтернатива на опозиционите партии беше, доколку е комплицирано гласачките ливчиња да се ставаст во коверт, затоа што навистина од хартијата од која беа изработувани 1996 година не ја гарантираа тајноста на гласањето, затоа што на продир на светлината кога се уфрлуваат во гласачката кутија може да се забележи за кој број е гласано. Предлагавме како алтернатива доколку неможе да се прифати предлогот да се ставаат во коверти, хартијата од која се изработуваат гласачките ливчиња да биде од поголема грамажа, односно од поголема тежина, што значи дека дебелината на хартијата би била поголема и тогаш ливчињата не би биле прозирни и би се гарантирала тајноста на.гласањето. Едноставно за нас овој предлог на Владта не е прифатлив.

Мислам дека го делам и ставот на другите опозициони партии кои не се застапени во Собранието на РМ; затоа што не е вистина дека тие се залагале за затемнување на гласачките кутии.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани господа министри, почитувани пратеници, јас само да кажам, да го надополнам господинот Коцевски, дека имаше во расправата при донесување на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија дискусии од одделни пратеници, меѓутоа, став на ЛДП никогаш не бил да бидат кутиите такви. Ве молам за малку трпение. Колку што го разбравме ние на комисиските расправи господинот Спасов, тој рече дека се брише зборот "проѕирни" што не значи дека нема да бидат проѕирни односно затемнети, затоа што во законот стоеше изричито да бидат кутиите прозирни. Сега зборот "проѕирни" се брише.Работата е на политички договор меѓу релевантните политички субјекти да се договорат

на каков начин ќе биде спроведено. Тајноста на гласање може да се утврди и во прозирни кутии да се одвие ако тие ливчиња бидат подебели, или пак ако бидат в плик. А господинот Спасов колку што го разбравме на Комисијата за политички систем кажа дека тоа е работа на политичките партии,  тие да се договорат каков ќе биде изгледот на кутиите,  бидејќи не значи дека изрично да бидат на таков начин како што се предлага. Сега фактички се отвара поширока можност колку што го разбрав јас на комисиската расправа кутиите да бидат поставени онака како што ќе се договорат политичките партии а тоа се во функција, бидејќи сите зборуваме барем вербално дека сакаме да изградиме систем на доверба помеѓу политичките партии.

Јас очекувам тоа што го кажа на Комисијата за политички систем да го дообјас ни и овде пред пратениците и дека за понатамошна доверба мора да има договор. Колку што мене ми е познато ниту една политичка партија немала таков став од опозиција. Можеби имало поединечни изјави. Па не можете вие господине Милчо Трајков да ми кажете каков е ставот на мојата партија. Вие сигурно подобро не знаете од мене. Јас зборувам во името на ЛДП, Вие излезете, кажете го ставот на Вашата партија неможете да го коментирате и да го кажувате кој  е ставот и на другите партии. Имаше одделни искажувања, тоа го проверивме и во стенографските белешки, еден или двајца пратеници кои во расправата кажаа дека се залагаат за таков вид на кутии, меѓутоа, наш став и наше барање официјално до Министерството за правда немало и очекувам да го објасните она што го кажавте на Комисијата за политички систем.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Владата на Република Македонија немаше и не чуствуваше потреба да го измени овој закон и прозирните кутии да ги замени со затемнети, затоа што од страна на владеачката партија, од страна на владеачката коалиција немаше приговори за тоа дека е нарушена тајноста на гласањето. Приговорите за нарушена тајност на гласањето доаѓаа пред се од опозицијата на сметка на прозирните кутии. И затоа оопзицијата меѓу другото, точно е во некои свои први амандмани пред-лагаше на следното гласање да се гласа со коверти. Нашето укажување е дека ковертите сепак се скапа операција и компликувана процедура.

Меѓу другото беше разговарано и за можноста и тоа и со лидерот на ЛДП Петар Гошев, а и со лидерот на вонпарламентарната опозиција Љупчо Георгиевски дека доколку сметаат дека затемнети кутии би ја обезбедиле по сигурно тајноста на гласањето, тогаш Владата е спремна да понуди и промена на Законот за избирачките места и да се оди во процедура на затемнување на веќе практично направените над 5.000 избирачки кутии, кои што беа користени за време на локалните избори. Тогаш беше речено дека тоа е прифатлива постапка од страна на Владата за да се згоелми довербата меѓу политичките партии.

За време на расправата по Законот за избор на пратеници овде во оваа сала неколку пратеници, јас не знаев дека тоа не е став на парламентарната група од ЛДП, дадоа приговор на прозирните кутии дека прозирните кутии не ја обезбедуваат доволно тајноста на гласањето и дека на тој начин всушност се создава можност некои гласачи да не бидат сигурни дека нема да се открие за кого гласале, да бидат застрашувани на некој начин од политичките партии. И тогаш во рамките на таа расправа јас реков дека Владата е подготвена доколку тоа врши работа на некој начин за зголемување на довербата меѓу опозицијата и позицијата во оваа Републи-ка да одиме на процец на затемнување на кутиите што значи дека ќе се обезбедат двата неопходни услови. Затемнувањето на кутиите би се из-вршило на некој начин со пак папир, тоа значи дополнителен трошок за Владата при што би можел горниот дел од кутијата,  бидејќи кутиите се веќе прозирни, да се остави прозирен за да може истовремено да бидат задоволени двете функции. Од една страна да не може да се чита за кого се гласало во кутијата, а истовремено од горната страна сите набљудувачи на изборниот процес да можат да проверат дека претходно во кутијата нема било какви изборни ливчиња. Од таа страна Владата ја предлага оваа измена.

Ако денеска опозицијата смета дека нема потреба воопшто и дека треба да остане изрично да бидат прозирни кутиите, Владата ќе го повлече овој закон. Јас сум спремен истиот момент да го повлечам во име на Владата законот, затоа што него го носиме исклучително на барање од

опозицијата. Така што јас ја молам парламентарната група, бидејќи таа е сега претставник тука и на парламентарната и на вонпарламентарната опозиција, да се изјасни дали се согласува да биде повлечен овој Предлог на закон.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Јас ве молам, бидејќи министерот Спасов ги употреби имињата на претседателот на ЛДП господинот Петар Гошев и претседателот на ВМРО-ДПМНЕ господинот Љупчо Георгиевски, а тие не се присутни овде да го потврдат тоа што тој го кажа, дали било изнесено во разговорот.

Јас употребував во мојата дискусија официјални ставови на ЛДП кои беа изнесени овде на говорница и кои беа доставени во забелешките до Министерството за правда, при јавната расправа за Законот за избор на пратеници во Собранието на РМ и до сите меѓународни институции кои беа заинтересирани за тоа.

Значи, моите појдовни основи беа официјал-ните ставови на ЛДП. Толку колку што можев да следам во печатот и од расправите кои се водеа на телевизија и на македонското радио неможев да забележам дека и ВМРО-ДПМНЕ се залага за некаков таков предлог. Меѓутоа, задоволен сум од широкоградоста на министерот Спасов и би замолил доколку се согласува да не ги прекршуваме работите преку колено, гласањето да го одложиме да не се повлекува законот, туку гласањето да се одложи за првото продолжение на седницата, за да може да се слушне ставот на Љупчо Георгиевски и на Петар Гошев.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, овде не разговараме за политички партии, разговараме за пратенички групи.

Овде вие имате право да изнесете став на пратеничката група на ЛДП.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Ставот на Пратеничката група на ЛДП останува непроменет. Гласањето да се врши со ставање на гласачките ливчиња во коверти, или како втора алтернатива гласачките ливчиња да бидат изработени од хартија со поголема грамажа, за да бидат непровидни при заокружувањето.

Тоа е ставот на пратеничката група.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, што е тогаш ставот на Владата, да продолжиме со расправата?

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Владата го повлекува Предлог законот за измена на законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам за уште малку трпение.

Замолен сум од министерот за финансии, бидејќи е врзан со рокови Законот за задолжување на Република Македонија, тоа е шестата точка, молам да ја завршиме и оваа точка, па да продолжиме идната недела.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Минуваме на точка 6 - Предлог за донесување на Закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој по Договорот за кредит по Проектот за структурно прилагодува-ње на социјалниот сектор во Република Македонија и Договорот за кредит по Проектот за техничка помош за пензиската реформа, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Има збор господинот Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван господине претседателе, дами и господа пратеници.

Дозволете ми сосема кусо да потсетам за што станува збор, за Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија кон Меѓународното здружение за развој ИДА, како афилијација на Светската банка или Меѓународната банка за обнова и развој, за кредит за прилагодување во социјалниот сектор, односно за поддршка на социјалните реформи во Република Македонија. Фактички станува збор за кредит во износ од 26,1 милијарди специјални

права на влечење, или во еквивалент, во долари, тоа се 30 милиони американски долари. Од тие 30 милиони американски долари фактички 29 милиони американски долари се за самите проекти, а еден милион се техничка помош за воведување, односно изработка на Проектот и Законот врзан за приватни шеми на пензиските фондови. Фактички станува збор за кредит од ИДА, значи вонредно поволни услови, со рок на враќање 35 години, со грејс период 10 години. Тоа значи дека првата отплата би почнала во 2008 година. Кредитот е бескаматен, се плаќа евентуално само провизија од 0,50%, доколку се задоцни во повлекување на средствата.

Сакам да го известам Собранието дека Бордот на Светската банка на седницата на 9 јули. го одобри овој кредит за Република Македонија и кредитот фактички е за реформи во три клучни пунктови врзани за социјалниот сектор. Првиот пункт е самиот пензиски фонд, каде што се предвидува усовршување на постојниот фонд кој што е јавен, негова капитализација и слично и понатаму воведување на приватни фондови за пензии, кои ќе придонесат за фискалната издржливост и одржливост не само на јавниот постоен фонд за пензиско осигурување, туку и на новите институции.

Вториот домен на промени е во самиот здравствен сектор.

Третиот домен се во вработувањето и флексибилноста на пазарот на труд.

Станува збор за три клучни пунктови каде што, заради објек тивност мораме да кажеме дека реформите тек се отвораат и тоа се вонредно значајни реформи, бидејќи ќе придонесат и за зголемување на споменатите системи, за зголемување на нивната ефиаксност, меѓутоа, исто така, и за рационализација на вкупната јавна потрошувачка. Затоа ве молам, почитувани пратеници да го донесеме овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој по Договорот за кредит по Проектот за структурно прилагодување на социјалниот сектор во Република Македонија и Договорот за кредит по Проектот за техничка помош за пензиската реформа.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? ( 61 пратеник).

Дали има некој  против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Кој  е за, молам да крене рака? (59).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Очигледно некој не гласал.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 3 став 5 и на член 4, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (60).

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој по Договорот за кредит по Проектот за структурно прилагодување на социјалниот сектор во Република Македонија и Договорот за кредит по Проектот за техничка помош на пензиската реформа.

(Седницата прекииа со работа во 18,05 часот).

Продолжуваме со работа во вторник во 11,00 часот.